## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,14 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да повелат да влезат во салата, започнуваме со работа со денешната седница.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да повелат да влезат во салата затоа што ќе започнеме со продолжението на седницата.

Продолжуваме со работа по Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Силвана Бонева, Иван Анастасовски, Анета Стефановска, Слободан Најдовски, Владанка Авировиќ, Александар Спасеновски, Анета Стефановска, Данаил Дончев, Весна Јаневска, Петар Поп Арсов, Неждет Мустафа, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Панче Дамески, Љубчо Георгиевски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Елмаза Селмани, Али Ахмети, Фазли Велију, Агрон Буџаку, Блерим Беџети, Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претресот по **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2007 година и активностите на Република Македонија за добивање членство во Европската унија и НАТО.**

Има збор госпоѓа Илинка Митрева, повелете.

**Илинка Митрева:** Благодарам претседателе, колеги пратеници,

Очекував дека оваа седница ќе се разликува од досегашните. На тоа упатува и би рекла тоа го наложува предметот на нашата расправа. Врвните приоритети на Република Македонија, членството во Европската унија и во НАТО.

Ова не е само обична расправа за Извештај на Европската комисија за напредокот на една земја кандидат кон полноправно членство. Камо среќа да беше. Камо среќа да можевме сите да се согласиме со тоа. Ова е расправа на Парламент, на земја во цајтнот и тоа не само временски, туку и политички цајтнот.

Во една прилика на тогашната опозиција од оваа говорница и реков дека има моменти кога треба да се издигнеме над партиските интереси во име на државата. И денеска како пратеник од опозицијата сметам дека не е време Извештајот на Европската комисија да го мериме со партиска грамажа, тоа е, би рекла, губитничка мерка, погрешен кантар. Така ја губиме, сите ние, големата слика.

Чувствувам потреба да ја кажам вистината. Извештајот на Европската комисија со сите свои негативни забелешки е многу подобар од нашата реалност. Зошто го велам ова? Затоа што кога ќе се прочита Извештајот напишан со строгиот код на Унијата, останува оценката дека работите сеуште можат да се свртат во полза на Република Македонија. Забелешките се директни и конкретни, практично еден вид нацртан патоказ за тоа што треба да се направи и тоа во сите области. Тоа претпоставува дека сигурно исполнуваме еден услов дека има политичка волја и капацитет да се изоди патот.

Значи, прашањето, почитувани колеги пратеници, онолку колку ве има во салата, е следното:

Дали оваа Влада има политичка волја и политички капацитет да ги оствари стратешките проекти членството на Република Македонија во Европската унија и во НАТО?

Сегашниот министер за надворешни работи во предизборието самоуверено тврдеше дека Македонија е далеку од Европската унија колку земјата од месечината. Дали беше визионер за работењето на неговата Влада која прогресивно ја зголемува оддалеченоста, па ја сели Македонија, би рекла, во друг сончев систем.

Значи, време е за вистинското прашање. Дали за оваа Влада НАТО и Европската унија и натаму се врвен државен и национален приоритет? Затоа што боде очи, колеги пратеници, отсуството на вистински интерес на Владата на Груевски за нашите стратешки цели. Во втората година од владеењето на Груевски по втор пат имаме неповолен Извештај за Република Македонија и по две години кандидатски статус немаме никакво навестување за можен датум за преговори.

Напразно се лицитираше со сигурен датум за време на германското претседателство наводни партиски и лични врски на членовите на ВМРО-ДПМНЕ, па поминува сега и португалското, а идното словенечкото кое, колку и да е нaвивачко, сепак не упатува на недовршените домашни задачи.

Уште еднаш, дали НАТО и Европската унија и натаму се врвен државен и национален приоритет на оваа Влада на Република Македонија? Прашањето го поставуваме ние овде, но ова прашање го поставува и Меѓународната заедница неможејќи да разбере како го испуштаме она што ни беше на дофат. И ова прашање ги прави легитимни сомневањата дека наводните економски реформи се параван за една поинаква државна политика, па дури и за отсуство на било каква политика. Како поинаку да се објасни високата видливост на оваа Влада на домашна сцена и сиромашната видливост на меѓународната сцена во време кога ни е потребен секој пријател во светот.

Затоа добронамерно, без траги на цинизам, ја замолувам оваа Влада да се воздигне над

сопствената суета и да ги проучи внимателно и темелно сите препораки што стојат во европскиот извештај. Да ја следи прецизно зацртаната мапа на патот кон Европа, сериозно да ги разгледа сите дадени упатства и да почне да ги спроведува.

Тоа е единствениот начин од себе да го тргне багажот на кочничар на евро и евроатланските интеграции.

На патот кон Европската унија ќе сретнете и здодевни бирократи и луѓе без смисла за хумот, но патот мора да се дооди. Правилата се исти за сите. По истиот пат оделе сите земји кандидатки и подобрите од нас и полошите од нас. Локалните финти не се добитната комбинација. Напротив, таквата политика стана проблем со кој по чело не удираат и Европската унија и НАТО.

Дали сме подготвени да престанеме самите да си правиме проблеми? Дали Груевски ќе се одлучи да одговори потврдно на понудената помош од опозицијата? На тацна му е понудена комплетна платформа. Европска коалиција за европска Македонија. Тоа е платформа што нуди излез од политичката криза и начин како да се стасаат европските и евроатланските рокови.

Опозицијата јавно искажа подготвеност за суштински дијалог со власта. Затоа ме загрижува реакцијата на Груевски кој бара причини за неуспех пред тој да се случи, но и тогаш кога има време неуспехот да се спречи. Како поинаку да се толкува фактот дека отсуството на датум за преговори премиерот во континуитет го става на конто на опозицијата, а евентуалното отсуство на покана во НАТО веќе ја прогласува за виновна Грција.

Повторно прашувам дали сеуште сме на иста линија? Дали за Груевски членството во НАТО и Европската унија се наши врвни цели? Дали објективно Владата на Груевски има политичка волја и капацитет за остварување на овие цели?

На овие прашања, почитувани колеги, мора да се даде одговор. Ние мора да разговараме, Молкот и навредите не се наша опција. Добриот менаџер разговара со време, често пати и предвреме. Умее да предвидува, да пресретнува, а не да го урнисува она што е веќе направено. Да не биде креативен само во создавањето на дополнителни политички критериуми за Република Македонија. Тогаш нема да ни порачуваат од Брисел да ги научиме правилата на демократската игра, да го зголемиме нивото на политичка култура, да почнеме да го практикуваме основниот инструмент за демократското општество - политичкиот дијалог.

Дали премиерот сака сериозни анализи за тоа каква ни е позицијата во светот или претпочита анализите што му ги подготвува не фабрика, туку индустрија за пропаганда. Ова не е време за ризици затоа што влогот е огромен, влогот е европската иднина на Република Македонија.

Ова е време на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и на Груевски. Тоа носи и одговорност, но и бреме затоа што билансот - цртата еднаш ќе биде ставена. Тоа време ќе се мери со бројот на резултатите, но и со тежината на последиците. Под цртата ќе стои името на ВМРО-ДПМНЕ и на Груевски.

Прашање е, почитувани колеги, што ќе стои пред цртата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплики? (Нема)

Сега, според договорот, на ред е за збор господинот Благој Зашов, повелете 15 минути.

**Благој Зашов:** Господине претседателе, колеги пратеници,

Во ова мое излагање ќе се задржам само на два сегменти од Извештајот на Европската комисија поврзани со работата на Собранието.

Ќе ги спомнам и долгорочните приоритети на нашата земја во годините што доаѓаат и предизвиците на ситуацијата во која се наоѓа нашето општество.

Во документите што ни беа поделени од страна на Владата таа извршила анализа на Извештајот и ги дава клучните приоритети на кои предлага надлежните органи на државата да се посветат до крајот на февруари 2008 година и во следните една до две години. Таа иницира и донесување на посебна резолуција во Собранието за тие приоритети.

Веднаш да кажам дека го подржувам предлогот да се усвои една таква резолуција во Собранието.

Анализирајќи го Извештајот можам да констатирам дека тој има три погавја: политички критериуми, економски критериуми и способност да се преземат обврските од членството во Европската унија. Последното поглавје е најопширно.

Во политичките критериуми на второ место се човековите права и заштитата на малцинствата. Во рамките на овој дел од Извештајот што е од 5 страници на крајот се зборува и за тоа дека во целост меѓуетничките односи се подобрени. Се спомнува и потребата од подржување на духот на Охридскиот договор. Во истиот дел се потсетува и на условите во кои живеат Ромите во Македонија.

Сето ова покажува на што Европската комисија посветува внимание и на соодносот на трите поглавја.

Имајќи го предвид Извештајот, но и ситуацијата во која се наоѓа македонското општество и државата, мислам дека главен проблем на Република Македонија не е веќе спроведувањето на Охридскиот договор, туку економијата, невработеноста и сиромаштијата. Охридскиот договор се спроведуваше за време на целиот мандат на претходната Влада и таа беше наградена од Европската унија со доделување на статус на кандидат на нашата земја, но гласачите ги казнија партиите на власт тогаш и гласаа за друга опција која ветуваше економски просперитет, вработување, намалување на сиромаштијата, борба против корупцијата.

Сегашната Влада е распната меѓу желбите за посветеност на економските реформи, со давање

добра бизнис клима и инсистирањето на некои политички субјекти и на оваа Влада главна тема да и бидат политичките, а не економските критериуми.

Се добива впечаток дека за Брисел и за некои партии во Собранието е многу поважен политичкиот дијалог меѓу владеачкото мнозинство и опозицијата отколку реформите во економијата и решавањето на социјалните проблеми.

Луѓето во Република Македонија почнуваат да се разочаруваат и во оваа Влада зашто нема подобрува на нивниот животен стандард.

Покачувањето на платите и на пензиите е само една од позитивните мерки во оваа насока. Но и таа може само да го задржи паѓањето на животниот стандард изразено во текот на последните години поради постојаната инфлација од 3 до 4% годишно, што во исто време не беше сукцесивно следена и со покачување на платите и на пензиите.

Да потсетам дека во исто време сеуште не се најде решение за едно болно социјално, но може да се каже веќе и политичко прашање. Една категорија од македонското население, без оглед на неговата етничка припадност, остана на маргините на општеството поради моделот на приватизацијата. Ги гледаме со месеци како упорно и кога е жешко и кога е ладно мирно протестираат во Паркот на "Жената борец" наспроти Собранието. Денес решиле и помасовно да протестираат пред зградата на Собранието и пред Владата. Бараат побрзо да се разгледа Предлог законот поднесен од пратеничката група на СДСМ.

Во Извештајот на Европската комисија не се спомнати овие луѓе. Но, тие се тука и тие ја подржуваат европската ориентација на Република Македонија. Но, бараат да се реши и нивниот проблем. Владата преку предложениот закон и во рамките на новиот Буџет ќе мора да го реши прашањето на оваа не така голема група на луѓе.

Во Република Македонија се потешко се живее, особено младите генерации не наоѓаат перспектива. Ако вака продолжиме мислам дека на пат сме да ги решиме политичките проблеми, но да останеме без голем дел од младите школувани кадри кои заминуваат во земјите на Европската унија. Од друга страна економски заостанувајќи не ќе бидеме подготвени да ги почнеме и завршиме преговорите со Европската унија за прилагодување на нашата економија до времето кога ќе треба да се отвори силната конкуренција. Судбина на една таква зема е да биде суровинска база, пазар за пласирање на стоки од другите земји членки на Европската унија, распродажба на се што може да се продаде на оние кои имаат капитал и доаѓање во ситуација на економска, но и политичка зависност.

Случаите на ЕСМ, ОКТА, Телекомот и другите покажаа дека цели сектори даваме на странски фирми со вграден монопол во самите договори кои профитираат од дадената ситуација на грбот на сиромашните маси.

Морам и во оваа прилика да констатирам дека е најлесно да се дијагностицира и да се критикува. Тоа и прилега на опозицијата. Многу потешко е да се даваат предлози за решение на постојните проблеми и за создавање на основа за понатамошен динамичен развој на македонското општество.

Владата и секој парламентарец од владиното мнозинство мора да се посвети секој во доменот кој му е најблизок на дејствување заради барање решение. Значи, Владата е таа која ја има одговорноста и од неа се очекува да предлага решенија, да презема мерки, да извршува закони и конкретно да го решава секој проблем во општеството. Притоа сметам дека Собранието мора да ја игра својата уставна улога на законодавец и на контролор на она што го прави Владата.

Подолго време ја посматрам работата во Собранието и констатирам дека се работи споро и непродуктивно. Размислував како ние како парламентарци би можеле да помогнеме во давањето одговор на она што е напишано во Извештајот на Европската комисија и на препораките и сугестиите за решавање на домашната задача што ни е дадена да ја завршиме до крајот на јануари 2008 година.

Констатирам дека има многу празен од во нашата работа, не соодветна организација на работата на Собранието, ставање точки на дневниот ред кои не се приоритетни, занимавање со помалку важни теми, давање пренагласено значење на процедурата, користење на деловнички права заради добивање ситни политички поени или за докажување дека Владата и владиното мнозинство во Собранието водат сметка само за своите приоритети чисто на сметка на приоритетите на државата.

Како пратеник од една помала политичка партија која е трет коалиционен партнер во владеачкото мнозинство, многу послободно можам да дадам предлози за подобрување на работата на Собранието. Тоа и ќе го сторам во оваа прилика. Дури и со ризик некој да рече дека се ова предлози што треба да се разгледуваат во некоја работна група за изготвување на новиот деловник за работа на Собранието, сепак ќе ги дадам тие предлози сега. За нив до сега се размислувало и се разговарало во кулоарите. Пркеу нив треба да се отстрани моменталната лоша слика што ја има Собранието, а како крајна цел е да се извршат задачите што не очекуваат преку подобрување, пред се, на климата за работа и завршување на седниците на Собранието брзо и со резултат што го очекуваат и нашите гласачи и нашите пријатели од Европската унија. Затоа, предлагам Собранието да се посвети на обврските од Извештајот и притоа да работи рационално. За тоа е потребен нов Деловник, а до неговото донесување предлагам:

Предлог законите со европски предзнак и ратификацијата на меѓународните договори да

имаат приоритет во дневните редови на седниците на Собранието.

Пратениците само еднаш да се јавуваат за дискусија по една тема.

Оние кои имаат намера да дискутираат да се пријават веднаш по отворањето на расправата и потоа да се заклучи списокот на говорници.

Дискусиите да бидат куси, да се однесуваат само на темата и да траат најмногу до 10 минути. Да се избегнуваат непотребните процедурални дискусии.

Главните дискусии да се водат на работните тела, а не овде на седниците на Собранието.

Да се избегнуваат провокативни дискусии, лично именување и особено не меѓусебно навредување на пратениците за да нема реакции кај оние кои се спомнати.

Да се намали бројот на репликите. Своите мислења за одделни теми за кои се дискутира, пратениците да им ги кажуваат на своите колеги за време на паузите односно надвор од салата на седниците. Да нема провокации и коментари од место. Да се бараат покуси паузи од страна на координаторите на пратеничките групи, а не како досега секогаш во траење од еден час.

Координациите кај претседателот на Собранието да бидат куси и ефективни.

Седниците да почнуваат во закажаното време, што претпоставува и пратениците да доаѓаат на време во салата за седници.

Пратениците од опозицијата редовно да присуствуваат на седениците на Собранието и на работните тела.

Подносителите на амандмани однапред да се договараат кој во рок најмногу од три минути ќе го образложи амандманот, а не како што е случај досега сите долго да зборуваат во прилог на прифаќање на амандманот, при што по правило се повторуваат.

Во дискусиите да учествуваат различни пратеници, вклучително и лидерите на партиите, а не само некои кои постојано земаат збор за секоја тема за која се расправа.

Пртениците од разните пратенички групи да се специјализираат по области на кои би им обрнувале посебно внимание и би доаѓале подготвени за дискусии. Кога има седници на работните тела, седниците на Собранието да почнуваат во 12,00 часот како би имало доволно време за завршување на дискусиите на седниците на работните тела.

Оние пратеници Албанци кои добро го зборуваат македонскиот јазик на седниците на работните тела да го користат истиот за да не се губи време во преводот.

Патувањата во странство на пратениците во наредните два месеци да се ограничат само на оние кои се приоритетни и кои се поврзани со потребата од претставување на државата во европските организации во кои може да се лобира за државата.

И, да завршам, се надевам дека колегите пратеници ќе прифатат барем некои од овие сугестии и дека на тој начин ќе се рационализира работата на Собранието до донесувањето на новиот деловник. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина добро е кога го слушаш колегата Зашов како треба да се однесуваат пратениците во Собраниево, како треба да изгледа идниот деловник за работа и сето ова звучи добро и сето ова се прави за интересите на граѓаните и за интересот на Република Македонија, за да добиеме покана за да бидеме членка на Европската унија и НАТО.

Но, господине Зашов, Европската унија и НАТО бараат домашните задачи во ова Собрание, а посебно Владата да ги завршиме на време, затоа што навреме не се извршени, јас ве разбирам дека вие сега како дел од актуелната Влада брзате, а сите треба да брзаме заедно, навистина тие што се наши обврски да ги завршиме. Но, јас ќе ве потсетам дека Владата наметна, а вие сте дел од оваа Влада начинот на работа во ова Собрание. За закони во однос на интеграциите на Македонија во Европската унија и НАТО овде никогаш не сме имале долги дебати. Напротив, може да се набројат напрсти пратеници кои добиле збор и расправале по истите закони. Доколку Владата врши политика како што ја вршеше до сега и ни става на дневен ред закони, како што беше законот за празниците или да ве потсетам на законот за полиција кој закон воопшто не се подготви од актуелната Влада, закон кој беше според од нас како политички субјект од минатата Влада и се наметнува со моќ како што вие како Влада го наметнавте да го донесевте тој закон и го донесовте во ваш стил, тогаш секако дека треба да очекувате дека ќе има отпор од опозицијата или поточно од ДУИ. Велам, велам ќе имате отпор од причина што се говори за закони кои ги засегаат меѓуетничките односи, закони кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Значи, за тоа дека треба пратениците Албанци поради времето да говорат на македонски јазик, мислам дека тоа не држи, но би било добро и вие да го научите албанскиот јазик и на Албанците да им се обратите на Албански јазик, бидејќи тие се граѓани на Република Македонија. А, нешто такво сеуште, не вие како пратеник или пратениците од ова Собрание, но највисоките челници кои раководат со институции како што е премиер, претседател на државата, не знаат да им се обратат на албанците на нивниот јазик.

**Љубиша Георгиевски:** Нема контра реплика.

Збор има господин Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине пртседателе, почитувани пратеници,

Втор ден расправаме околу Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија. Расправаме дали е тој позитивен или негативен. Додека власта за сите позитивни работи што се испишани во извештајот вика дека е нивна заслуга, за сите негативни работи е виновна опозицијата со нивната опструкција и кочење на процесите и реформите, а од друга страна опозицијата вика дека единствен виновник за се што е лошо во Извештајот е виновна власта и парламентарното мнозинство, напредок нема да има. Ништо не сме научиле ниту од сопствените грешки, ниту ги користиме туѓите грешки, за ние да не ги повторуваме. За мене овој извештај е негативен од проста причина, бидејќи верувам дека единствен критериум за позитивност или негативност на еден извештај на Европската комисија, дали е определен датум за почеток на преговорите. Таков датум не само што не е определен, туку не се назира ни во блиска иднина, не се назира ни за следната година. Која е сега нашата разумна политика и ние тука со денови да докажуваме кој е во право и да ги анализираме делови по делови од извештајот, се разбира, онака како што нам ни одговара. А, шанси за покана од НАТО за полноправно членство и опоределување на датумот за преговори со Европската унија постојат. Но, од нас се бара да се исполнат 7, 8, пред се политички критериуми. Не бараат Европската унија и НАТО, туку едноставно не молат. Дајте бре луѓе, надминете се себе си, седнете, договорете се. Надминете се себе си, направете ги овие работи пред се за вас, а не за нас. Жално е кога не прашуваат дали сакаме држава, дали има Република Македонија државотворен капацитет, дали имам е функционална демократија, дали имаме институционален капацитет. Дали сме свесни за моментот во кој се наоѓа Република Македонија, дали сме свесни за осетливиот момент во кој се наоѓа целииот регион околу Република Македонија. Дали сме свесни за деценискта шанса што ние секојднево ја коцкаме. Дали сме свесни дека ја поминавме црвената линија и дека го допираме самото дно. Во чие име ја практикуваме оваа омраза еден спрема друг, овој инает, овој слаб скоро никаков капацитет за договарање, за дијалог, за компромис. Сигурен сум само во едно дека ова не го правиме за интерес на граѓаните, бидејќи тие скоро едногласно се определиле дека нивната држава сакаат да си ја видат во Европската унија и во НАТО. Имаме ли право да дозволиме нашите деца или внуци после 20, 30 или 50 години да расправаат и докажуваат кој бил во право дали сегашната власт или сегашната опозиција. Зошто се прокоцкала ваква шанса. Да се расправаат кој повеќе шетал во светот и агитирал за Република Македонија, а кој повеќе седел дома и само ја кочел работата. Кои биле патриотите, а кои биле предавниците. Стотина години се расправаме дали Илинденското востание било предвреме дигнато или не. Кој тогаш повеќе агитирал низ западноевроспките метрополи за добивањето на автономија на Република Македонија. Или за добивање на државност на Република Македонија. Зарем ќе дозволиме историјата да ни се повтори. Тогашните генерации имаа оправдување, Република Македонија немаше ни автономија, ни имаше формирано држава. Немаше пријатели и за судбината на Република Македонија тогаш решаваа некои други сили. На зелената маса каде што немаше столче за Република Македонија. Денес е сосема друга ситуацијата. Република Македонија е полноправна членка на сите институции светски и европски. Република Македонија рамноправно седи на маса и одлучува самата за својата иднина. Република Македонија има многу пријатели. Република Македонија ја има најголемата, најмоќната и сеуште единствена веле сила, светка сила САД за свој стратешки партнер. Тогаш, што ќе кажуваат идните генерации за нас. Најверојатно следното, дека на почетокот на 21 век, посебно за овој собраниски состав дека се собрала некоја генерација на неодговорни политичари, инаетчии, арогантни, не патриоти, корумпирани на к ои личните, партиските интереси им биле поважни од националните државни интереси на Република Македонија. Убеден сум дека сите заедно ќе го разбереме моментот, ќе се освестиме и ќе го фатиме последниот воз. Република Македонија го доби кандидатскиот статус, исполнувајќи ги тн., политички критериуми, како што всушност тоа се случи со Бугарија, Романија, Хрватска, Балтичките земји. И, сега, со агендата што ни ја испорача НАТО и Европската унија скоро сите услови се политички. Сега, ако успееме во овие два месеци да ги исполниме тие критериуми, сигурен сум дека ќе ја добиеме поканата за НАТО. Не ни требаат повеќе резолуции, заклучоци, иако е добро да се донесат со консензус. Досегашното искуство покажа дека со денови тука по вакви клучни прашања се каравме, го губевме драгоценото време и на крајот не ги донесувавме. Ирелевантно е сега да докажуваме кој прв почна, кој што направил, а кој што не направил, кој е за прогрес во Република Македонија, а кој е кочничарот. Ни треба брза и конкретна работа за исполнување на тие критериуми, заеднички од НАТО и од Европската унија кои ни се зададени и кои мораме да ги за вршиме, пред се, за доброто на граѓаните на Република Македонија. Значи, конкретно предлагам до февруари да заборавиме на инаетот, да заборавиме на каприцот, на партиските и личните интереси, рејтинзите и да ги исполниме сите критериуми кои се бараат од нас. Верувам дека тоа ние го можеме и тоа можеме да го направиме во следните еден-два месеци. Уште попладне треба да го покажеме тоа. Треба да го покажеме тоа и да го донесеме законот за Комитетот за меѓуетнички односи.

Гоподинот Груевски ќе треба да се надмине себе си, да собере храброст и да излезе пред целокупната македонска јавност и да каже, да, мајскиот договор постои, се договоривме со претставниците на ДУИ дека ќе ги исполниме сите услови, дали бил пишан, дали бил усмен. Ништо не ја преминува црвената линија, ништо не е

надвор од рамковниот договор, ништо не е против уставот, ќе го разберат граѓаните. Ќе вети дека треба да се донесе и законот за јазиците, како што всушност во две собраниски ко мисии вчера тоа го ветиа и претставниците на парламентарното мнозинство. Тука ќе се најде мостот, премостувањето со ДУИ. Ако цврсто се договорат сега по писмен пат дека до крајот на февруари ќе се донесе законот за употреба на јазиците, сигурен сум дека од другата страна ќе има разбирање и дека ќе се согласат ДУИ да го гласа Комитетот за меѓуетнички односи, што е многу важно, бидејќи всушност Комитетот за тоа се носи и за тоа се состои, да се штитат интересите на етничките заедници.

Рековме повеќе нема инает. Не е важно кој ќе биде 15-от член на Републичкиот судски совет. Веќе следните денови може да се комплетира РСС, бидејќи тоа Европската унија и НАТО од нас го бараат. Тие не ни бараат кое име ќе биде тоа, тие бараат комплетен Републички судски совет да имаме како столб на целокупното судство. Нема успешни реформи во судството ако ние немаме комплетиран судски совет. Што е битно дали одлуките што сега се носат во РСС 13:1, ако бидат 13:2. Да се надминеме самите себе си и за неколку дена да го комплетираме РСС.

Понатаму, законот за Јавното обвинителство и за Советот на јавни обвинители, па, ви се молам, се расправаа, се договараа, двете најголеми партии и од власта и од опозицијата. Веќе се дојде до еден консензус, остана нерешено прашањето само околу мандатот на јавните обвинители. Еве, како премостување предлагам нека послужи предлогот што го даде НСДП за да се надмине тој јазол меѓу опозицијата и позицијата и власта. Да го донесеме законот за јавното обвинителство, да го донесем е законот за советот на јавни обвинители, да си ја исполниме уште еднаш задачата во брз временски период и да ја отвориме ширум вратата на Република Македонија. Да не си ја стопираме нашата сопствена држава во нејзиниот сопствен развој.

Петтата работа, толку ли е тешко да се смогне сила, пред се, од премиерот Груевски како претседател на ВМРО ДПМНЕ, па да се каже, граѓани, доста беше инает и непризнавање на легитимитетот на претседателот на Република Македонија. Времето, моментот е толку осетлив што сега во името на поголемите национални и државни интереси, а тоа го бараат во критериумите за исполнување и Европската унија и НАТО, така наречената соработка меѓу Владата и институцијата претседател на Република Македонија, што го признаваме легитимитетот на претседателот на Република Македонија. Можеби Република Македонија не е во ситуација како во 2001 година кога СДСМ се надмина себе си и го призна покојниот претседател Борис Трајковски за легетимен претседател. Правеше инает неколку години, за на крајот кога виде дека врагот ја однесе шегата дојде и го призна претседателот Борис Трајковски за легетимен претседател на Република Македонија. Зошто да ни седат нас клучните метрополи во светот кои треба да одлучуваат сега за иднината на Република Македонија со испразнети места од амбасадори. Значи се можеме да направиме, се е во наши раце.

Во Парламентот во најскоро време треба да стигне извештајот на Анкетната комисија за немилите настани во Собранието на 25-ти септември. Толку ли е тешко од сите политички партии да се даде таа жртва во име на државата од нивните претставници онака како што ги има нотирано Анкетната комисија. Сите виновници да одговараат спрема вината што ја имаат направено.

Шеста точка, дајте да направиме и потез на добра волја. Да го вратиме старото име на аеродромот, колку да ги затвориме устите на нашите долгогодишни пријатели дека никого не провоцираме, дека немаме ние ексклузивно право на употреба на името Александар Македонски. Да покажеме дека секогаш Република Македонија била конструктивна. Да покажеме дека секогаш Република Македонија го имала ореолот на стабилност, а не да ни се случува како во последно време да бидеме сега наведувани дека Република Македонија е изворот за извоз на нестабилност во регионот.

Можеби господинот Груевски ќе изгуби некој процент од својата популарност и од својот рејтинг, посебно кај тие граѓани кои сакаат тврда игра, посебно кај неговото членство. Кои сакаат инает со секого, со претседателот, соопозицијата, со Албанците, со комшиите, во последно време гледам и со меѓународната заедница. Но на подолг период сигурен сум дека ќе ги добие симпатиите на останатите граѓани бидејќи тоа го прави во интерес на Република Македонија.

Ако ги направи овие потези ќе го има и мојот глас бидејќи со чиста совест и здрав разум знам дека е ова за доброто на Република Македонија и не само за просто, кога ќе му треба тука парламентарно мнозинство, туку и 2/3 мнозинство. Ако не се направи сето ова ќе влеземе во историјата како Парламент, како парламентарен состав кој не само што ништо не направил, туку што прокоцкал невидена шанса. Никогаш со прави очи не ќе можеме да ги погледаме нашите деца и да им објасниме зошто кога ја имавме шансата Република Македонија да ја внесене во НАТО и Европската унија не сме направиле тоа. Но дали од морална гледна точка тоа смееме да го направиме. Не. Најдоблесно ќе биде почнувајќи од мене да си го вратиме мандатот на граѓаните, онаму каде што припаѓа, кои над 90% од нив бараат влез на Република Македонија во Европската унија и НАТО.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има некој за реплика?

Господине Салиу овде гледам дека се пријавивте. Оваа седница оди без пријави, без дисплеј, по договор. Оваа седница оди по општ договор, консенсуален на сите, да знаете, да не се ствараат забуни.

**Шабан Салиу:** Јас барам збор процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално повелете.

**Шабан Салиу:** Во ред ако оди по договор, меѓутоа и јас бев на координација и договорот беше да можат најмалку тројца да зборуваат од партиите со по еден претставник.

**Љубиша Георгиевски:** Не.

**Шабан Салиу:** А како ние ќе зборуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа беше да зборуваат најмалку тројца од тие што не припаѓаат на определени групации со координатор на чело. .

**Шабан Салиу:** Добро.

**Љубиша Георгиевски:** Одиме понатаму.

Има збор господинот Положани.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Ви благодарам.

Почитувани колеги да говориш за една ваква тема која што ни се наметна денес на оваа седница сигурно дека колку што е сложена тема, толку е и тешка тема, затоа што од нас се бара врз основа на Извештајот кој што е поднесен од страна на Европската комисија од Европската унија за проценка на демократскиот развој во Република Македонија како механизам, или пак стандард кој што треба да се исполни за добивање на членство во Европската унија мислам дека бара и одговорност со цел да рефлектираме, а сигурно тоа и се очекува од нас да рефлектираме во однос на Извештајот и забелешките што се дадени во истиот, истовремено да разговараме за начините за излез или пак можноста за излез од оваа ситуација и за влегување во тој колосек на реализација на нашите обврски преземени во оваа насока.

Имајќи го вклучително критичкиот тон и негативната проценка за демократските развои во Република Македонија од страна на Комисијата секако дека тоа е наша одговорност и наша обврска и задача да видиме кои се тие елементи кои што се резултат на нашите политики во Република Македонија и во согласност со тоа да се фокусираат и одговорностите кои што произлегуваат секој од своја позиција знаејќи го и степенот на одговорот на разни институции и да може да се придонесе во надминувањето на овие проблеми.

За жал морам да кажам, имајќи ја предвид и проценката на самиот господин Оли Рен кој што на конференцијата за печат и во неговите чести изјави, изразувајќи се за суштината или за содржината на овој извештај вели дека, цитирам “динамиката и реформата се забавени од декември 2005 година кога Македонија доби статус за зачленување во Европската унија.

Второ, ваквата политичка клима не придонесува кон постигнувањето на начелото за исполнување на критериумите за Европската унија.

Исто такак Европската унија е разочарана од ситуацијата во Македонија, затоа што очекувала многу повеќе од една земја кандидат за зачленување. Не само што не е направен никаков напредок во насока на реформите, туку ситуацијата уште повеќе е комплицирана поради тензиите во односот Влада и опозицијата.

Понатаму, заради политичкиот дијалог кој е најакутен проблем, меѓутоа не е единствен на начин што Брисел во прв ред за да Брисел почне да размислува за датум на преговори. Задолжителни се реформи во судството, во полицијата, во здравството итн”. Ова се зборовите на господинот Оли Рен кои што често пати ние сме имале прилика да го слушнеме и кој што дошол тука и наишол повеќе на глуво уво отколку на готовност за да се преземе нешто во насока на реализација, или надминување на критиките и забелешките кои што самиот овој авторитет на Европската комисија, кој што е комесионер за проширување ги има дадено.

Морам да нагласам, имајќи го во предвид извештајот кој што го имам прочитано, меѓутоа и овие изјави кои што се толку јасни и сепак се мирољубиви за Република Македонија ние доколку не успееме со издигнување на нашата свест на сите нас во оваа ситуација да ја надминеме оваа проценка, да ги надминеме овие проблеми, да ги решиме прашањата кои што се нерешени не само што ќе го изгубиме или пак ќе ја забавиме процедурата за зачленување во Европската унија и не само што ќе ја загрозиме кандидатурата и за зачленувањето, сега би рекол можеби гарантираното зачленување во НАТО, туку ќе го загрозиме доколку не преземеме ништо и тоа што ќе претрпиме многу големи штети и за градење и консолидација на демократијата во Република Македонија, нешто што би било неопростиво и нешто што навистина би не чинело сите нас многу.

Ова кој би бил максималниот ефект, или очекуваниот ефект на несоодветното реагирање во оваа насока сигурно дека тоа ќе беше уништување на елементарната фаза на консензус за градење на едно демократско општество. Значи ние сме се согласиле да изградиме демократско општество со тоа што сме се согласиле за некои основни вредности за кои штонемам никаков сомнеж, никаква дилема. Ние со дејствувањето на парламентарното мнозинство и со глувото уво на господинот Груевски, имам впечаток дека ја загрозуваме оваа елементарна основа на концензус, на заеднички консензус врз која основа се коинсистира и се гради демократскиот систем. Кои се тие вредности?

Транспарентноста, повеќе партискиот живот, плурализмот, почитувањето на слободниот глас на граѓанинот, почитувањето на слободната волја на граѓанинот, почитување на одговорноста, на совесноста, на институциите и почитување на процедурите за кои што заедно сме се договориле. Сега кога ги прекршуваме сите ние ја нарушуваме основната база на демократското градење. Непочитување на елементарната димензија во општествениот и политичкиот живот, како што е дијалогот, непочитување на договорите, неградењето на рамката, или пак на политичко расположение кое што би дало надеж

дека и оние предмети за кои ние не сме се договориле можат да се решат во оваа насока.

Сето ова фактички се елементи кои што на овој или оној начин во ова, или во некое друго време, во оваа или во некоја друга прилика во една или друга институција се повредувани и има претензија да се повредуваат и понатаму. Доколку продолжи вака ние ја загрозуваме не само нашата планирана динамика, многу посакувана динамика од сите граѓани кон Европската унија, туку загрозуваме и уништуваме на еден од хуманитарните вредности врз кои што се гради секое плурално општество и плурална демократија за градење на иднината. Што ми беше зборот. Кога мислев на овој аспект и на овие елементи морам да конкретизирам или да аргументирам некои од овие мои тези кои што ги кажав.

Ние демонстрираме или манифестираме недостаток на демократски капацитет за достигнување на овие стандарди со почитување на тоа што е досега постигнато. Ова е основната, главната порака на Европската унија и затоа се вели дека во Европската унија не влегува само една или друга влада, таму не влегува само позиција или опозиција, таму не влегува само едно или друго министерство, туку сума сумарум на крајот ние треба да манифестираме дека државата има демократски капацитет за реализација на тоа што се договорила порано и за создавање на простор и за решавање на новите предизвици кои што секое општество во целост ќе ги има.

Кога велам секое општество ги има вие треба да знаете дека ние често пати велиме дека големо богатство е плуралното демократско или мултиетничко општество. Мултикултурата секако дека е богатство меѓутоа во законот како тоа се култивира и како се однесуваме кон истата.

Доколку мултиетничноста и мултикултурата се предизвик плус за да се покаже капацитетот на составувачите во општеството за да тие знаат да менаџираат разлики, да се почитуваат меѓу себе, да ги почитуваат вредностите еден на друг, тоа навистина ќе се претвори во едно заедничко богатство, затоа што менаџирањето на диверзитетите, на различностите и разбирањето се универзални вредности. Доколку некое општество ги има и ги почитува тоа покажува дополнителни вредности од тие општества што се едноетнички и еднокултурни. Доколку овие предиспозиции или пак оваа реалност не постигне да изгради стабилност, социјална кохезија врз основа на почитување на меѓусебните вредности, врз почитување на овие разлики кои што треба да се доживуваат како богатство мислам дека може да се претвори токму во спротивното. За да не се претвори во спротивното треба да се работи многу. Треба да се има искреност еден кон друг и треба да се почитува на рамноправен начин вредноста на еден и на друг. Што се случува, почнувајќи од спорење на политичката волја на Албанците кое што во овој мандат се рефлектираше на овој начин, една партија со едно име која што доби повеќе мандати е во опозиција, за албанската заедница, а една друга партија исто која што е од албанската заедница доби помалку гласови и е во позиција. Сега овие две партии ги имаат тие имиња што ги имаат, утре може да биде сосема поинаква ситуација, со сосема други имиња, меѓутоа заедничкото име ќе биде спорење на политичката волја на албанскиот народ, без оглед како дошле политичките партии на власт во овој момент, или губењето на довербата на Албанците во гласот како инструмент за политичко ориентирање.

Доколку една заедница ја губи довербата во тоа дека гласот е негов инструмент за политичка ориентација, за наградување или за казнување на една политичка класа денес или утре, оваа година или следната, или после 2-3 години таа фактички не може да биде вистинско управување на диверзитетите и почитување на етничките диверзитети.

Вториот аспект, како ние ја доживуваме одговорноста. Се случуваат работи кои што фактички се толку јасни и под ниво на однесување во Парламентот, под ниво на однесување на институционално однесување. Се случуваат противзаконски акти, се случуваат акти кои што ги осудуваат и поединците и институциите на Парламентот. Тука оние од парламентарното мнозинство се поддржуваат од страна на гласањето, како што се случи во минатото. Ние денес се чудиме кога велиме дека институциите, како што е и Парламентот немаат политички капацитет за да дадат потребен одговор на таквите феномени. И ова не е проблем кој што сега ќе помине вака или онака, туку е проблем кој што ќе го оставиме во наследство на идните генерации, да тие кога ќе се случат исти такви случаи ова ќе го имаат како критериум и од оваа позиција и од ова однесување ќе се ориентираат за да ги градат нивните политики во иднината. Ова е најголемата штета која што како порака се пушта и која што се рефлектира од едно такво однесување, кое секако не е и дел од Извештајот.

Второ, не се почитуваат процедурите. Ние во една претходна резолуција на Европскиот парламент бевме критикувани дека не е добро да бојкотираме. Не е добро ДУИ да го напушти Парламентот како метода за политичко однесување за постигнување на цели, меѓутоа овде ќе ја искористам приликата да ве потсетам дека никогаш ДУИ не го напушти Парламентот поради незадоволството кон политичките избори, или пак законите кои овде парламентарното мнозинство ги предлага, затоа што таа ја презема одговорноста за тие решенија или избори. Ја сноси одговорноста пред електоратот и визави нив ќе рефлектира и ќе ја добие својата награда, или казна.

Ние тогаш напуштивме и сега има закана истото да се повтори пак. Не почитување на процедурите кое што е основа на елементарните демократски вредности. Ние тогаш го напуштивме Парламентот затоа што истиот одлучи еден закон или законите да се донесат во форма како што се

донесени претходно, или со Бадинтеров принцип што е уставно право. Законот може да биде во оваа или онаа форма, може да не задоволуваме повеќе или помалку, меѓутоа непочитувањето на процедурите е рушење на минималната основа на демократскиот систем. И, што се случува сега? Ние кога сакаме да придонесуваме ние постигнавме договор. Претседателот Али Ахмети со претседателто на ВМРО Никола Груевски постигнаа согласност за нешто и не само што тоа не се почитува, не само што не се ставаат законите кои што се дел од тој договор и начелно тоа не може да се случи, не може да биде нажин на однесување за градење на меѓусебно разбирање и натамошно верување, меѓутоа пред пет дена имавме една комисија на која говоревме за процедурите.

Значи, ние овде бараме за амандманот да се дебатира од страна на матичната комисија. Вие што сте постари пратеници тука, ја знаете разликата. Претседателот на Собранието ја свикува Законодавно-правна комисија која не е матична комисија. Законодавно-правна комисија го третира само амандманот на Владата. Доколку нема право да ги третира амандманите, нека не ги третира ниту едните, ниту нашите, ниту тие на Владата. Некаде во Деловникот нема правило кое вели, доколку не се третира некое прашање, фактички може да се третира само амандманот на Владата, а не на пратениците. Тоа не го пишува во Деловникот.

Амандманот на Владата и вчера или завчера кога беше седницата на Мандатно имунитетната комисија се одеше со истиот материјал.

Претседателе, јас ќе продолжам уште малку за да се доискажам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, ајде уште две минути.

**Азис Положани:** Толку колку што треба, затоа што договорот во однос на ова, и координаторот рече дека морате да имате флексибилност затоа што ние не учествувавме во координацијата.

Што сега се случува? Во Мандатно имунитетната комисија се гласа дека овој амандман е неприфатлив и претседателот на Комисијата потоа излегува и вели, не само што е неприфатлив, туку нема ни да се проследи на парламентарна седница. Ве молам, вра основа на што го засновате овој став. Каде го пишува тоа. Каде пишува дека една Комисија може да дебатира само по еден амандманот, амандманот на Владата, а каде пишува дека, доколу се дебатира тогаш Комисијата го зема правото на тој амандман. Значи, се работи на амандман на Владата кој суштински го менува концептот на законот. Доколку вие мислите вака и така ги сфаќате демократските процедури да не дозволите другиот да говори и да го даде своето мислење, вие со вашето мнозинство ќе гласате како што сакате. Ние не можеме да го принудиме да го гласате овој амандман, меѓутоа немате право да не спречите да дебатираме по ова прашање. Ова се елементи кои навистина не вознемируваат и не даваат знаци или се знае дека ова прашање оди во насока на подобрување на демократската клима.

**Љубиша Георгиевски:** Приврршувајте.

**Азис Положани:** Претседателе, јас немам намера да се туркам со вас. Јас ќе заминам од говорницата, но ќе повторам дека тоа што вие сте го усогласиле, не беше усогласено со нашата пратеничка група поради причините кои и вие многу добро ги знаете. Кога нема таков договор и не е важно тоа за вас, вие веројатно можете да ги згаснете овие...

Јас сакам да се доискажам во функција на Извештајот кој е тука. Нема многу говорници. Ако одземам малку повеќе време јас се извинувам. Инаку ако сакате јас да си заминам, јас ќе си заминам од говорницата.

**Љубиша Георгиевски:** Не, немам одговор, ако ме прашаат процедурално.

Вие не бевте на договорот, меѓутоа вчера претседавачот го праша вашиот координатор и тој се согласи и добро е што се согласи бидејќи со тоа го овозможи натамошното работење на седницата.

Продолжуваме сега со следниот говориник.

**Азис Положани:** Благодарам. И ова е начин како се сфаќа демократијата овде во Македонија и во Парламентот.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јавија господинот Гарип Каба, господинот Васко Шутаров исто така има реплика, господинот Рафис Алити претпоставувам има процедурално.

Повелете, господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Не е вистина. Јас не бев вчера тука, но и реков дека ние како парламентарна група се согласуваме, но не е вистина тоа што вие го рековте сега.

Ние сега рековме дека се согласуваме да работиме до 21 часот. Исто така се согласуваме оваа седница да заврши денес во 14 часот. Но, договор со нас немало, ниту сме се согласиле, ниту сте имале некој договор со нас, пратениците од ДУИ да говорат 10 или 15 минути како што сте се договориле вие. Така што, вие не правилно го одземате зборот на господинот Азис Положани и со тоа не принудувате да се пријавуваме за дискусии и да не го почитуваме договрот кој сте го направиле вие со координаторите на другите парламентарни групи. Го велам ова од причина што за нас значајно е да се расправа за Извештајот на Европската комисија. Можеби вас како позиција тоа не ве засега, или не се секирате за тоа, или само по себе, што и претставникот на Владата не беше присутен во салата за време на говорот на пратеникот Азис Положани, говори доста каков пристап има позицијата во однос на овој значаен документ за кој денес се расправа на оваа седница. Ние ве разбираме зошто сте заинтересирани да нема подобра дебата, затоа што ќе ја корегираме оваа Влада за направените грешки. Така што не требаше да му го одземете

зборот на господинот Положани, бидејќи таков договор ние не сме имале.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три миниту реплика на господинот Гарип Каба, повелете.

**Гарип Каба:** Благодарам.

Јас би сакал да му реплицирам на пратеникот Азис Положани, на неговиот многу темпераментен и нерзозен говор. Јас за прв пат го гледам со една многу нервозна дискусија господинот Положани и не знам поради што е тој нервозен. Мислам дека неговата професија на лекар дала повидни резултати, додека професијата политичар и како филозоф што ни се појавува од време на време, нема резултати. Како таков господинот Азис не треба да се разочарува од тоа што го кажав. Го велам тоа од причина што филозофијата, велат филозофите е оружје на измамниците, или пак оружје на тие што на некој начин се ѓаволи, говорат на еден начин, а размислуваат поинаку.

Пратеникот Азис Положани говореше неколку пати и зборуваше за непочитување на процедурите. Не знам за кои процедури дискутира, но само да му дадам на знаење дека процедурите во демократијата треба да се почитуваат од сите. Азис Положани во изминатите мандати, како пратеник и како политичар, кога бил во позиција и како министер, не знам дали е свесен колку ги почитувал тие процедури, колку бил со народот транспарентен, колку бил во политиката транспарентен, колку ја злоупотребувал неговата службена дејност како политичар и функционер и работи што не треба сега да ги потенцирам. Меѓутоа упатно е да не се прават импутации во дискусиите, да не се кажуваат зборови кои предизвикуваат тензии тука во Парламентот. Мислам дека нервозата треба да се изрази на друго место. Сега е момент на целосна демократија во Македонија, сега е ситуација кога треба да се рефлектира со студени глави и работите да се увидат такви каки што се, да не се повторуваат работите и да се кажува кој заслужува, а кој не заслужува. Иднината ќе покаже како ќе се одвива ситуацијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контрареплика за господинот Положани, повелете.

**Азис Положани:** Напротив, господине Каба. Не се навредив од вашата дискусија. Ми причинува чест за секоја забелешка што се упатува.

Нема да ги коментирам вашите настојувања за да се ориентира разговорот, во недостаток на факти, во насока во која вие мислите дека треба да се насочи.

Ќе ви контрареплицирам и ќе ви кажам дека филозофијата е инструмент во рацете на измамниците.

Ние сме две партии, имаме различни мислења, но има взаеми вредности кои може да се почитуваат. Ако има нешто што сум го почитувал и некои личности кои имаат знак на ДПА, беше токму презентирање на филозофските работи. Замислете што можат да кажат тие што се поголеми филозофи од мене.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госодине Шутаров, вашата реплика.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги.

Во својата реплика кон почитуваниот колега Положани, сакам да кажам дека до половина од неговиот говор сметав дека навистина има шанси политичкиот дијалог во Република Македонија и секогаш кога зборува колегата Положани сум на тоа мислење дека политичкиот дијалог навистина има шанси. Но во вториот дел од неговиот говор по малку се разочарав заради тоа што најпрово цитираше цитати од еврокомесарот Оли Рен, кој не пропушта во ниедна изјава, почнувајќи од онаа од 9 февруари оваа година, па во сите следни, дека опозицијата во Република Македонија треба да игра поконструктивна улога. Ако го селектираме тој битен дел, таа битна одредница што се однесува до позицијата, значи пак сме субјективни. Но, добро е што и во овој дел зборуваме за дијалогот затоа што ако веќе зборуваме за дијалогот, на некој начин сме во дијалог. Но, не можам да ја пренапрегнам изјавата дека за дијалог сепак се потребни двајца.

Почитуваниот колега спомна дека некој се прави наглува во дијалогот. Има една мисла од еден руски класик, кој вели - како убав збор да влезе во тврдо уво. За добар дијалог се потребни двајца. Тие двајца најмалку треба да бидат рамноправни. Тие двајца најмалку што треба е да се почитуаат еден со друг. Ако дијалогот содржи девалвации на зборови и јазикот и институциите, тогаш рамките на дијалогот, форматот на дијалогот секогаш се измествува.

Околу Извештајот, очекував сепак да каже почитуваниот колега Положани, дека е прилично објективен.

Ако од Извештајот и анализите што после тоа ги правиме, се наоѓаме во еден јаз меѓу тоа дали од Извештајот да направиме фетиш, дали од кандидатскиот статус на Република Македонија од 2005 година да нарпавиме фетиш, или другата крајност, ако ептен етемерно се однесуваме кон Извештајот, меѓутоа навистина ќе се изгубиме и ние и дијалогот.

Сакам на колегата Положани, надевајќи се навистина на добар политички дијалог меѓу сите политички субјекти во Република Македонија, да му кажам за еден поим кој во политикологијата се вика белицизам. Белицизмот е појава во едно општество каде еден политички субјект на сите начини се обидува да ги бојкорита институциите на таа држава или на тоа општество. Се надевам дека белицизмот нема да има друго име заради состојбите кои ни се случија минатите години.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Положани, повелете.

**Азис Положани:** И мене ми е задоволство да му реплицирам на почитуваниот господин кој ми укажа на некои мои забелешки од дискусијата.

Како прво, јас жалам што од страна на претседателот на Собранието не ми беше овозможено да се доискажам во врска со прашањата и нештата што вие ги проценивте. Затоа јас се повлеков, затоа што не сакав да наметнам никому ништо, а уште помалку дијалог.

И јас се согласувам со тоа дека за дијалог се потребни двајца, дека за дијалогот мора да се почитуваат правилата, мора да се почитуваат договорите, мора да се почитува постигнатото и некои елементарни прашања. Кога тоа не се прави, тогаш навистина е многу тешко да се води дијалог. Но, ние пак ќе инсистираме на водење на дијалог за она што е за доброто на граѓаните и за доборот на идните генерации во Република Македонија, а вие ќе треба да видите и да рефлектирате каде е грешката. Со недавање можност за дијалог и од оваа говорница, мислам на овој начин на кој јас сега бев спречен, мислам дека не е добро.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

И овој ден продолжува со гледањето на Извештајот од Европската комисија, кој Извештај од многу пратеници и нивните политички провиенции исто така во Извештајот видоа упатно да направат политички маркетинг, одговарајќи им на партиската програма, што е сосема нормално и политички.

Во мојата дискусија натаму ќе се концентрирам на неколку точки на овој Извештај кој едноставно може да се оцени како објективен Извештај, со многу елементи на не кажување на позитивното што го направи оваа Влада и со тенденција да се хиперболизираат критиките на опозицијата кои се инволвирани и вградени во овој Извештај. Разбирам дека Извештајот секако настојува да биде правилен, да не биде едностран и на еден начин во овој Извештај е дадена политика која е произведена во европските центри, засновајќи се на извештаите кои ги испратиле претставниците на Европа кои се овде во Македонија. Ви добро знаете на каков начин сега се открива како одеа тие извештаи од Македонија во Европската унија, каде еден претставник на оваа голема европска заедница која претендира новите членки, кои ќе се зачленат во таа заедница, да бидат како нив. Ние сакаме и секогаш тој е наш стремеж како Влада, но ние сме објективни и свесни дека некој настојува на актуелната Влада да и импутира неколку работи кои не постојат, велејќи дека оваа Влада постапува на арогантен начин. Не, господа кои ја застапувате Европската унија. Арогантноста повеќе се гледа кај опозицијата. Но, и ние ве разбираме дека можеби ние сме луѓе. Политичарот или дипломатот не смее да прави големи грешки, да се приклонува кон една или друга страна туку да има само една цел, правилна цел и да го каже тоа што е реално во земајата која ја презентира. Значи ја презентира Македонија наспроти Европската унија. Затоа, секоја критика во овој Извештај за мене лично е добро дојдена затоа што човекот кој што се критикува се сака, човекот кој се критикува сака да му бидеш пријател. Значи Македонија некаде каде е критикувана во овој Извештај, ние на Европа и велиме благодарам, затоа што со вашите критики ние го граниме Европската унија. Доколку не пофалеа многу со овој Извештај, би било ненормално, ние ќе заспиевме, но истото не се случи. Владата, ова актуелно мнозинство, парламентарно, легално и легитимно мнозинство, иако денес некој сака да го претвори во нелегитимно велејќи дека е едно мнозинство несоодветно на албанскиот народ, како што го бара ДУИ. Не, господа. Ова парламентарното мнозинство го има албанскиот фактор, многу јас, моќен фактор кој се бори, со право, за правата на албанците, за нивното стопанство, за развојот на албанската култура, за развојот на албанското стопанство, за унапредување на законите во однос на албанците, закони за албанците, македонски закони, турски закони, српски закони, закони на мултиетничка Македонија, Македонија која ќе биде пример за да бидеме членка во Европската унија, не како проблематична држава, туку како држава и модел за другите држави кои ќе се зачленат во Европската унија после нас, како што се Србија, Косово, Албанија и други. Контурите во Македонија како држава се утврдени. Проблем со името нема да има за да бидеме членка во Европската унија и во НАТО, проблеми со законот нема да има бидејќи легислативата на државата ја прилагодуваме на легислативата на Европската унија.

Сите овие ситни работи што ги слушаме, оваа ситна политика, овие работи се разбирливи и треба да се очекуваат. Но, тоа треба да се прави умерено, со култура, со разбирање, со аргументи, научно, а не на овој начин, на неразбирлив начин, со закани, со прекинување на демократските процеси, со физички напади, тепање на новинари, со нешта што не одат во денешнава демократија ниту со пушка, ниту со калашников. Книгата и умот се темел на оваа Влада. Оваа Влада никогаш во Македонија не сака да има ништо лошо.

Но, оваа Влада е одлучна во борбата против организираниот криминал. Криминалците, разбојниците, оние кои ја краделе оваа држава да ги изведе пред суд. Ова некому не одговара. Оние кои соработувале со криминалот, некои од нив се во затвор. Кажуваат со кого соработувале надвор.

Дами и господо, некој го слуша тоа што го кажуваат тие и "водата му е под тепих". Од тоа се плашат. Кој прави повеќе врева? Се плашат оние кои не се сигурни и на кои "мувата им е на капата".

Во овој Извештај се наведува "ова зачленувње го опфаќа Западниот Балкан и Турција кои добија шанса за членство во ЕУ, до колку ги исполнат условите за прием". Една јака, моќна фраза.

Европа е концентрирана во Западниот Балкан, на еден Балкан каде ќе имаме здрави држави. Добро знаете дека во последно време за оваа цел ЕУ додели десетици и десетици милијарди долари овие држави да бидат членка не ЕУ и НАТО. Ова е едно големо позитивно нешто, бидејќи до колку се случат конфликти, како што се случија од 1991 година па наваму на Европа и светот, ова ги чинеше со милиони долари. Инвестицијата на Европа во Западниот Балкан, дефинитивно доаѓа.

Ние, како Влада, го отвораме патот и велиме повелете, подготвени сме да инвестирате, да ги прифатиме и вашите закони, концепти и вашите прописи, да бидеме заедно со вас, да бидеме со Западот и далеку од сите скршнувања било на врска основа, во однос на фундаментализмот и далеку од комунизмот, злото на 20-от век. Тоа значи дека е ова наша обврска. Тоа Европа го бара од нас.

Некои прашања како што се градење на државата, ние ја градиме државата.

Владеење на правото, правото го спроведуваме. Се бориме против корупцијата. Прилагодуваме закони за Европа и го прилагодуваме однесувањето на официјалните лица што раководат со државата.

Помирување меѓу партиите. Ова значи ДПА и ВМРО, само помируваат. Тие не прават раздор. Тие не завадуваат. Тие не се борат. Тие не убиваат граѓани. Тие не создаваат борба за да влезат во Влада.

Значи, ДПА и ВМРО ова го докажале од 1998 година до 2002 година и денеска, па еве и една година тоа го докажуваме. Не велиме дека ќе пукаме со калашникови за да влеземе во Влада. Бевме во опозиција, созреавме, влеговме во власта, излеговме од власта, повторно влеговме во власта. Значи дека е ова нашата демократска зрелост и треба ова да им биде, да го имаат сите политички партии и оние млади кои од планина влегова во власта. Колку е убаво да седиме, да продолжуваме во власта. Не, така не може да правиме.

Борба против корупцијата и организираниот криминал, добрите меѓусоседски односи остануваат клучно прашање. Значи, границите на Македонија, тоа се граници на една држава која се граничи со Јужна Србија каде има Албанци, се граничи со Косово каде исто така има Албанци, се граничи со Албанија каде има Албанци, се граничи со еден дел од Грција каде има дел од Чамерија и 3/4 од границите на Македонија се граничат со албанци. Ние сме тие Албанци, овде во Македонија кои бараме оваа држава да се граничи со Албанците, но не бараме да се обединиме со нив. Бараме во нашава земја, овде да бидеме господари на нашава земја. Тоа знаеме да го правиме и ќе го правиме. Кога ова ќе го достигнеме, ќе влеземе во ЕУ и НАТО и оние кои велат Голема Албанија, Големо Косово, Голема Србија, Голема Македонија, сите големи ќе станат со ЕУ, ќе немаме граници.

Ставот на Македонија е голем, ставот на Македонија во однос со Косово е здрав. Зошто го велам ова? Поранешната Влада велеше дека ние ќе прифатиме секое решение што ќе се договори помеѓу Белград и Приштина. Приштина и Белград никогаш нема да се договорат. Велевте и вие и ДУИ и СДСМ дека ќе го прифатиме решението што ќе го донесе Белград со Приштина. Но, ако има договор, нема да војуваат.

Ние, како Влада имаме радикални промени во содржината на совремeниот концепт и европскиот концепт. Ќе прифатиме решение за прашањето на Косово во согласност со политичката волја на Албанците од Косово што кореспондира со Извештајот на Ахтисари кој е изготвен и во кој Извештај, отворете ги очите, се вели - албнскиот јазик е официјален јазик на Косово, српскиот јазик е официјален јазик на цела територија на Косово, иако на Косово има 5% Срби. Замислете. Европа влегува во Косово.

Да се внесе Косово во Европа на тој начин службен јазик да имаат сите оние кои живеат таму. Никому во Европа не му пречи јазикот, албанскиот јазик. Никому во Европа не му пречи македонскиот јазик. Никому не му пречи бугарскиот јазик. Сите сте биле пратеници во Европската унија каде се наредени јазиците, еден, два, три, четири, пет, шест, Европскиот парламент е полн со јазици. Колку народи се зачленуваат, толку јазици има таму.

Во точката 8 се вели - Република Македонија постигнува напредок, но сепак треба да го забрза темпото на реформите во клучните области. Да, треба да го забрзаме нашето темпо. Но, како ќе го забрзаме темпото, кога ти одиш, чекори, пливаш кон правото, законот, а излегува СДСМ, те фаќа за нога, на ногата ти става 2000-3000-5000 амандмани и сака да ти врзе еден камен за да потонеш.

Така не можеме да одиме напред. Тоа е вашиот негативен дел, што е напишан во овој Извештај. Вие сте тие и таму е преполнет, има полно хартии. Сакате да одиме во Европа? Оставете ги тие хартии. Излезете како мажи и говорете. Ќе дојде време, Сте биле на власт, ќе дојдете повторно на власт. Но, оставете не нас да работиме во стопанството, да ја отстраниме сиромаштијата, да имаме повеќе работни места, да имаме економски зони, да вработуваме луѓе. Тоа значи дека е ова нашата позитивна агенда што вам ви пречи.

Ова вие го гледате. Но, го гледа и албанскиот дел. За една година има радикални вработувања. 2700 нововработени работни места. Во овие 2500 работни места се 800 во јавната администрација. Тоа значи дека процентот на презентирање на албанскиот народ и другите заедници во Македонија е зголемен. Ова го кажувам за една година, а вие за четири години што направивте? Ништо.

Велите дека на опозицијата не и се прифаќа ништо во овој Парламент. Меѓутоа тоа не држи. За една година на опозицијата и прифативме 200

амандмани. Сите знаете, јас не сум бил во минатиот мандат за четири години не прифативте ниту 100 амандмани од опозицијата. Дали ова го сметате, дали ова го ставате на кантар? Зошто, затоа што се денес во опозиција и ја барате власта.

Земјите од Западниот Балкан ќе ја преземат одговорноста за регоналната соработка, со преименување на Пактот за стабилност во нов регионален совет за соработка во рамките на процесот за соработка со Југоисточна Европа. Ќе продолжи со поддршка за локална...

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Рамадани.

Сожалувам, 15-те минути поминаат.

**Агим Рамадани:** Ако може само реченицата да ја довршам.

**Љубиша Георгиевски:** Само реченицата, повелете.

**Агим Рамадани:** Почитувани пратеници, денеска не говорев ниту за Азис Положани, ниту за Али Ахмети, ниту за Бранко Црвенковски, ниту за госпоѓа Шекеринска. Туку, говорев за пратениците од овој Парламент кои имаат обврска, кои ги избрал народот било од опозиција или позиција да доаѓаат овде, да добиваат плата и заедно да одиме во Европа.

Вака, како што вие работите, не знам каде ќе стигнеме. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Сафет Незири, претпоставувам реплика, повелете вашите три минути.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседател.

Внимателно го слушав колегата Агим Рамадани, неговите ставови. Горе-долу воопшто не се придржуваше кон Извештајот на Европската комисија. Јас ќе се придржувам кон тоа што навистина треба да се каже или пак треба да се дадат забелешки и сугестии.

Мислам дека требаше, барем малку, секој пратеник од парламентарното мнозинство, каде што и е најголемата политичка одговорност, да бидеме самокритични при давањето на забелешките и сугестиите што се даваат од оваа Комисија на Европска унија и да се придржуваме кон оние забелеки и да заземеме став за тоа што сме направиле во овие 15 месеци, кои пропусти, кои грешки или пак поради незнаење сме ги направиле истите и тн. Меѓутоа ние ќе се сконцентрираме кон тоа да заеднички ги надминеме, со заеднички сили, парламентарното мнозинство и опозицијата. Јас ова го очекував од парламентарното мнозинство. Туак учествува и ВМРО-ДПМНЕ и НСДП и ДПА и другите партии, партиципиенти во оваа власт или Влада.

Некои реченици што ги запишав врз основа на елаборацијата на господинот Рамадани, се вели дека има успешна борба против корупцијата и организираниот криминал. Се соглсувам и јас, секогаш треба да се бориме против корупцијата, против организираниот криминал. Но иво мојата вчерашна дискусија спомнав дека и борбата против организираниот криминал не се прави од долните нивоа, туку од горе. Рибата смрти од Главата, а не од опшот.

Не е борба против корупцијата до колку полицјците и цариниците се затвораат, приведуваат поради пет евра што им ги ставиле или им ги нашле во џебовите. Сум за тоа, треба да се санкционираат овие појави, меѓутоа не сум за тоа да наплатувачите на патните рампи, кои се фаќаат со 10 или 20 денари по џебовите. Против тоа треба да се бори. Но овие појави што се појавуваат на локално ниво, се резултат на корумпираната државба, а сеуште нема некој кој е фатен на институционално ниво. За тоа деа е приведен за некоја котруптивна дејност или пак организиран криминал.

Големи реченци кажа господинот Рамадани дека еве, ќе ве оставиме, повелете, работете. Направете промени, измени во Законот за патни исправи. Повелете. измени и дополнувања на Законот за патни исправи, направете го само на еден јазик, на албански јазик. Повелете подгответе се затоа што ветивте дека за 60 дена ќе го донесете законот за статусот на поранешните борци на ОНА. Ниту тоа не го направивте. Еве, повелете, направете. Ние сме позади вас.

До колку имате нешто за националното прашање, ние ќе ве поддржиме.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господин Агим Рамадани, повелете една минута.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине Сафет.

Одиш напред. Се гледа. И, ќе ни плмогнеш. Благодарам за твојата помош. Но, да ти кажам, дека вие, овие мали риби што ги спомнавте, што ги фативме, тие се пат за дојдеме до големата риба. А, големата риба е во Вардар, во Министерството за образование, поранешен министер за образование. Ова времето ќе го докаже. Кај вилите на Али Ахмети, кај куќите на Али Ахмети и кај наши луѓе што ги гледате. наш човк веќе 3,5 години е во затвор. Сите ќе ги фатиме. Нема пардон кон никој. И татко ми да украл нешто, јас ќе го ставам во затвор. Но, не сум полицаец, туку сум пратеник. Сепак ќе ти кажам дека мојата идеологија е здрава. Кражби не сакаме, а вие знаете што сте направиле за време на вашиот мандат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господин Хани Тахир, повелете вашите три минути.

**Тахир Хани:** Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Сакам да побарам едно објаснување или повторно изјаснување од страна на пратеникот, затоа што беше истакнато дека ДПА е легитимна политичка сила, учесник во Владата на Република Македонија. Мислам дека инсталирањето на еден политички процес во Република Македонија, со што политичкиот мандатар на парламентарните избори во минатото, меѓутоа и во иднина ќе има

право на одлучување и уставно право да го избере албанскиот политички субјект во власта. Дали ДПА и понатаму ќе го заштитува истото начело дека политичката сила која губи на парламентарните избори да биде дел од Владата во иднина?

Сакам да истакнам, дали ќе важат политичките програми на политичките партии при изборните кампањи или нема да важат? Дали ќе можат политичките партии на Албанците да бидат сериозни во промоцијата на нивните политички рограми, во промоција на нивните политички капацитети за реализација на барањата што ги бараат Албанците во Македонија?

Од денеска, сакам да го истакнам фактот, дали е ова негов личен став или е став изграден во ДПА, дека во политичките процеси во Република Македонија, при секој парламентарен избор, мандатарот има право да избере кој сака политички албански субјект во Македонија, без оглед на бројот на гласовите што ги добил. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете една минута контра реплика.

**Агим Рамадани:** Господине Тахир Хани ви благодарам за советите. Меѓутоа, мислам дека сте го изгубиле патот. Знам дека си бил во ДПА порано отиде кон Кастриот Хаџиреџа, но сега си во ДУИ. Дојди повторно кај нас во ДПА, да видиш како се работи, како се постапува. Ова е прво.

Второ, во однос на тоа што вие го велите господине Тахир Хани, ние те направивме градоначалник во Струга, На крајот излезе со извалкани сметки и те повикаа во суд.

Ние ќе одиме до големата риба, ќе го донесеме и законо за јазици, изготвуваме Нацрт-закон и за знамето, но не како што го донесовте во Желино да има албанско знаме а во Шемшево не.

За патните исправи, најголемиот страм е кај вас. За борците на ОНА, сето тоа ќе го направиме. И вчера реков, ве молам, оставете не малку да работиме. Дали имате малку трпение? Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сега збор има господинот Манасијевски.

Господине Рахиќ Есад вие се јавивте за збор. Подоцна, сега е направена една листа. Ќе добиете збор и вие.

Има збор господин Манасијевски, според листата, 20 минути.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници,

Самиот денешен сетинг, за жал, покажува дека оваа расправа тешко дека ќе има некои резултати и некоја смисла затоа што нема ниту еден претставник на Владата, иако е ова точка каде што мора целата Влада да биде присутна.

Јас сум многу разочаран што и вчера и денеска премиерот не наоѓа воопшто за сходно да биде присутен кога се дискутира најрелевантниот годишен извештај што дава оценка за македонските состојби од една дистанца. И, според тоа и според оценките на пратениците и на аналитичарите, овој извештај е објективен, точен, прецизен, што значи необјаснив е апсолутниот неинтерес на Владата да се присуствува на ова дебатирање. Тоа може да значи тоа.

Меѓутоа, може и да значи дека Владата апсолутно воопшто не ја интересира што се дискутира во Парламентот и кои се ставовите на Парламентот. Се плашам дека за жал, оваа втора оценка повеќе држи.

Во овие изминати 16 месеци Владата покажа низа креативни и помалку креативни начини како да го покаже својот однос пред се на презир, на непочитување кон Парламентот. И тоа е еден од клучните наши проблеми, проблем кој што е впрочем нотиран и во Извештајот.

Прво, за мене како пратеник е недозволиво за ова прашање да биде лимитирана расправата, меѓутоа така е веќе договорено. Недозволено е овој значаен документ да нема комисиска расправа како ретко кој документ. Во овој документ има работа за анализа на сите матични собраниски комисии. Недозволиво е пред одржувањето на пленарната седница да не биде дадено време да се одржат сите матични комисии, затоа што таму дел по дел ќе се разглобува и анализира овој Извештај. Така ќе биде олеснета и пленарната седница господине претседателе и така ќе биде фокусирана на клучните елементи. Мојата препорака е до сите претседатели на комисиите иако постфестум, сепак, да свикаат седници на матичните тела каде што овој Извештај во доменот на надлежностите на тоа матично тело ќе се разгледува детално. Затоа што, ако вака само во неполни два дена претрчаме преку Извештајот и тоа претежно засновани на крупните, на паушалните оценки, а без време да се навлезе во деталите, мислам дека ние нема да ја исполниме елементарната функција како пратеници. Имено, да продискутираме за овој Извештај. Овој Извештај беше и последна шанса за соочување со себе си на сите актери на македонската политичка сцена, пред се на Владата како најодговорна, а потоа и на сите други институции меѓу кои и Парламентот. Значи, претставува можност јасно да се согледаат слабостите и врз основа и на препораките дадени во еден од пропратните документи на овој Извештај во Одлуката за приоритетите да биде и тоа продискутирано. За жал, веќе утредента штом беше објавен Извештајот премиерот наметна еден друг дискус, едно друго темпо. Имено, веднаш по предавањето на Извештајот имаше една несреќна изјава со која што сублимирано кажа дека се што е добро во Извештајот е заслуга на Владата, а се што не чини е резултат на другите инситуционални фактори во државата. На тој начин за жал, премиерот ја наметна дебатата што го следеше Извештајот, а таа дебата се одвива на линијата на барање на виновникот и таа дебата се разбира дека е

потребна, меѓутоа таа не треба да биде доминантна. Меѓутоа, за жал, самиот премиер со својот прв настап по Извештајот ја наметна. И кога веќе самиот премиер создава конфликтна атмосфера, тогаш бидејки нашата опозиција не е плашлива, нејзина задача е да се спротивстави и да ги демаскира тие магли што нашиот премиер во континуитет ги шири. Значи, пропуштена е шанса по вина на премиерот да започне еден обединувачки процес на оваа европска агенда. Имено, според мене премиерот веднаш утре дената требаше да ги повика клучните политички актери со еден предлог од Валдата кој што ќе биде дебатиран, разгледан и донесен тука на Парламентот, презентиран од премиерот, а подржан од сите релевантни лидери на политички партии. Тоа ќе беше вистинскиот обединувачки процес и вистинскиот чекор што му личи на еден премиер кој што се разбира има соодветно државничко ниво. За жал, таа шанса според мене е испуштена. Наместо еден обединувачки процес, Владата се обиде веднаш и преку своите платени медиуми и преку своите активности политички да наметне три клучни заблуди околу овој Извештај, три генерални заблуди. Кои се тие?

Првата заблуда е дека во Извештајот има и добри и лоши работи, дека не може да се каже дека тој е негативен, или позитивен, туку како и при разгледувањето на секоја работа има добри и лоши страни. Во Извештајот има и добри и лоши страни, затоа што тоа е Извештај за целокупните настани и дејствија во Република Македонија во изминатава година.

Меѓутоа, драги колеги пратеници, и почитувана македонска јавност, Извештајот не е цел сам по себе. Тој не се пишува заради пишување Извештај. Извештајот се пишува за да се донесе конечната оценка, имате датум за преговори, или немате датум за преговори, квалификувани ли сте да добиете преговори, или не сте квалификувани? Штом го немате датумот за преговори Извештајот е по дифол негативен. И тука било каква дебата за жал е срамна и недостоинствена, затоа што ги негира основните, елементарни правила. Да добиевме датум за преговори колку и негативни места да имаше во Извештајот, тој ќе беше позитивен, затоа што Република Македонија го доби датумот за преговори. Значи, таа магла мора да се расчисти. Извештајот е дефинитивно негативен на глобално ниво. Ако расправавме по комисии посериозно и ако беше дозволено повеќе време тука во парламентарната дебата, ако не беше ограничено, тогаш ќе можевме секторски да влеземе и да констатираме какви се придвижувањата во секој сектор одделно. Особено треба да не загрижи што ова е втора година по ред негативен Извештај, со што се разбира стануваме единствена држава која што толку долго чека од добивање на датумот за преговори, од добивањето на кандидатскито статус до датумот за преговори. Се разбира, Турција не треба да ја ставаме во овој кош, затоа што таму има многу други прашања кои што објективно не се применливи и не соодвествуваат на македонскиот случај.

Која е втората заблуда што сака Владата да ја наметне? Втората заблуда е дека економскиот дел од Извештајот е добар каде што е одговорна Владата, а политичкиот дел каде што има повеќе фактори, повеќе играчи во процесот, тој е лош, затоа што не зависи се само од Владата, туку тука опструира опозицијата, опструкира претседателот, опструираат други институции и т.н. Би било да е добро вака. Меѓутоа, за жал, не е така.

Што во економскиот дел на Извештајот е пофалено? Пофалена е експлицитно само макроекономската стабилност. Драги пратеници, топла вода. Веќе 13 години имаме макроекономска стабилност во Република Македонија од 1994 година постои макроекономска стабилност во Република Македонија. Меѓутоа, тоа не е доволно и то а ние сега 13 години после тоа го чувствуваме дека се потребни друг тип на структурни, радикални реформи за макроедкономската стабилност да го даде посакуваниот ефект. Меѓутоа, на трите клучни параметри Владата трпи жестоки критики. Се трпат жестоки критики за инвестициите и тоа од два агли и за странските дирекни инвестиции каде што се констатира дека Република Македонија е на последното место според директните странски инвестиции. Меѓутоа, што е многу интересно се дебатираат и домашните инвестиции и особено владината неспособност да ги потроши јавните инвестиции. Реализацијата заклучно со месец октомври на капиталните инвестиции е само 40%. Како Владата за 10 месеци успевајки да реализира само 40%, сега за два месеци ќе реализира 60%. Невозможно. И тоа е индикатор за кој што и порано сум говорел кој што експлицитно говори за неспособноста на Владата во целина, а посебно на одделни ресори да ги менаџираат јавните инвестиции за што премиерот како поранешен министер за финансии мора да си преземе мерки што се надевам дека ќе ги преземе во некоја наредна реконструкција. Значи, кај инвестициите работите стојат лошо. Кај невработеноста исто така стојат лошо работите. Да се разбереме, ниту прашањето на инвестициите,ниту прашањето на невработеноста не се прашања каде што може да се постигне спектакуларен напредок за една година. И сите претходни влади имаа разни програми и правеа многу обиди, меѓутоа за жал, некои конкретни големи резултати немаше. Значи тоа се големи проблеми на нашата држава, проблеми кои што бараат и голем ангажман и долго време. Меѓутоа, мора да се забележи барем некакво придвижување, барем некаков напредок.

И во третото клучно економско прашање, прашање што е многу значајно за Република Македонија во контекстот на Европската унија. Прашањето на конкурентноста ние исто така стоиме многу лошо. Непосредно пред објавувањето на Извештајот на Европската унија беше објавен Извештај на најреномираната

светска институција што ги следи трендовите на конкурентност, Светскиот економски форум. Имаме пад колеги пратеници од 10 места, од 84-то место оваа година стигнавме на 94 место. Како е возможно ако владините економски политики се добри, ние да паднеме 10 места во ранг листата на конкурентност. А тоа е клучната ранг листа, особено од аспект на нашето интегрирање во Европската унија, затоа што таа мери колку македонската економија, колку македонскиот производ може да се бори на европскиот пазар. И тука ние за жал паѓаме за 10 места. На пример не надмина една Либија и сега една Либија е 6 места пред нас, Либија на чело со полковникот Гадафи, има подобри резултати во конкурентноста отколку за жал, Република Македонија.

И третата заблуда која што ја креира Владата е тоа што веќе јас споменав која што премиерот најексплицитно за жал ја изрази, тоа е дека само Владата работи, сите други институции кочат и блокираат. И тука најмногу на удар континуирано е Парламентот. Програмирано, драги колеги пратеници се создава слика дека Парламентот е место на блокади, на опструкции, дека Парламентот е најнереформското место во државата, дека ако не работи Парламентот нас ќе ни тргне работата веднаш и ќе се движиме многу побрзо. Многу опасна теза колеги пратеници, ве молам сите да бидеме внимателни, затоа што и јас мислев до пред извесно време дека се работи за инциденти. Не се во прашање инциденти. Во прашање е план за програмирано понижување на Парламентот, програмирано омаловажување на Парламентот и програмирано креирање во јавноста слика за Парламентот како лошо место во нашиот систем. Ако се вратиме во политичката историја, сите авторитарни режими имаат една одлика, растот на сите авторитарци почнува на едно место со нивни жестоки напади врз Парламентот, со омаловажување на Парламентот, со правење циркус од Парламентот, па дури некои од нив тргнаа и да го запалат Парламентот. Тоа покажува политичката историја. И ако ние не покажеме отпор кон тие тенденции кои што доаѓаат и од Владата, меѓутоа за жал, и од парламентарното мнозинство, ние дефинитивно на долг рок демократски ќе се кастрираме поради желбата на премиерот да ја покаже Владата како успешна ви за ви неуспешниот и опструктивен Парламент, ние почитувани пријатели добиваме авторитарни одлики. Тоа е за среќа сеуште нежен авторитаризам, меѓутоа ако ги следиме трендовите и тенденциите прашање е како тоа ќе заврши. Дури од што сум навистина непријатно изненаден, ваквиот програмиран напад на Парлаемнтот дури од некои советници на премиерот, инаку наши истакнати теоретичари се оправдува низ медиумите, па се земаат примерите на Сингапур и на Азиските тигри, демек аргументацијата оди на следната линија, за брз и ефикасен економски развој па и не е лошо малку да има авторитарни елементи, затоа што многу расправа во Парламентот ги блокира процесите и недозволува резултатите и ефектите од економскиот развој да бидат видливи. До таму ли стигнавме почитувани колеги советници на премиерот да ни соопштуваат дека треба да имаме авторитарни елементи за економијата да ни тргнела напред? Меѓутоа, за жал, како што посочив и како што посочува и Извештајот и економијата не оди напред, стагнира. И добрите економски потези неколку што ги имаше премиерот и кои што ЛДП имаше доблест да ги поздрави и да ги пофали во Парламентот се изгубија, не даваат не даваат резултати поради лошата политичка клима и лошото менаџирање што го создаде премиерот. Значи, и тие ефекти за жал се загубени во доминантната слика. И мене навистина од една страна не знам како да ги сватам на пример вчерашните ставови на господинот Петковски, дали да се радувам, или да тагувам на неговата изјава дека Парламентот е клучното место, во Парламентот е најголемата одговорност за нашите ЕУ и НАТО интеграции. Дај Боже да е така господине Петковски. Меѓутоа, вие подобро од мене како коалиционен партнер кој што е континуирано маргинализиран во владината коалиција знаете дека не е така, дека за жал Парламентот не е клучното место, дека за жал не може на Парламентот да му се префрли одговорноста, најголемата одговорност за овие процеси. Одговорноста е во партиските седишта на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, одговорноста е кај претседателите на овие партии Груевски и Тачи кои што дневно ја диктираат агендата на Парламентот, со телефонски јавувања овде во секоја минута ја диктираат агендата на Парламентот. И не може да се тврди дека одговорноста е во Парламентот и клучот е во Парламентот. Со вас ќе се борам до крај господине Петковски, Парламентот да ја задржи и да ја избори својата уставно определена улога. Меѓутоа, за жал, во моментов не е така.

Дозволете ми да се осврнам накратко на уште едно прашање. Драго ми е што заменик премиерот госпоѓа Габриела Коневска Трајковска дојде. Прашањето за административниот капацитет кое што е нотирано како голем проблем. И како Владата се обидува да го сврти фокусот. Што всушност критикува Европската унија кога критикува недостиг на административен капацитет. Неквлаитетот на администрацијата? Како може со тие луѓе со кои што фантастично, брзо и квалитетно одговоривме на Прашалникот кои што не доведоа до кандидатски статус, сега да не чинат. На страна тоа што најголем дел од нив разместивте. Не е административниот капацитет тоа, почитувани пратеници. Административниот капацитет е капацитетот на клучните раководни луѓе да раководат, врз основа на дефинираните приоритети да испорачаат резултати. Тоа го критикува Европската унија. Значи, не дрва и камења по нашата администрација, лошо работела, па сега зошто лошо работела, дали била доволно платена, или не, и т.н. Лошиот административен капацитет е всушност лошото раководење со процесите во Република Македонија, а за тоа одговорноста е на Владата и на министрите. Се разбира, сето ова

зачинето со екстремната партизација не доведува за жал до таков резултат.

Почитувани колеги 6 ноември беше многу тажен ден за Република Македонија. Меѓутоа, поборник сум на работа, на борба. Амабасадорот Фуере веднаш кажа дека новиот Извештај, пишувањето на новиот Извештај почнува од 7 ноември. Па ајде да видиме што се случи и што напишавме ние во новиот Извештај овие веќе три недели? Значи, имајќи предвид дека 12 месеци е извештајниот период, една дванаестина од тој период веќе помина. Што ќе стои во Извештајот за наредната година во овие три недели? Лоша до лоша работа, почитувани колеги пратеници. Ќе стои дека ни по 60 дена не е усвоен Извештајот на Анкетната комисија за инцидентите во Парламентот, ќе стои дека ни по 60 дена одговорните за инцидентот не се казнети, она што Брисел го бараше експлицитно, Елмази да си оди, не е направено, дека дури работите ескалираат што лидер на владеачка партија отворено навредува ЕУ амбасадор, му се придружува уште еден лидер на помала владеачка партија и на сето тоа премиерот достоинствено молчи. Тоа се новите елементи на Извештајот. Ако вака продолжиме, ќе имаме уште полош Извештај. Да се опаметиме, да се спастриме сите на чело со Владата и со премиерот, затоа што како што тргнавме првата дванаесетина ни е исклучително негативна.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитувана заменик претседател на Владата госпоѓа Коневска Трајковска. Јас се надевав на друг тек на оваа седница и мислев дека ќе си ги приближиме погледите, оценките и ќе си го приближиме чувството на одговорност заедничка и ќе си ги приближиме намерите за активност за да можеме да одговориме на задачите што се пред нас.

Ние го имаме Извештајот на Европската комисија, Комисијата на европските заедници како работен документ кој ни е доставен. Тоа е втор извештај од добивањето на кандидатскиот статус. Точно е дека во него не стои дека се предлага на Македонија да и се понуди почеток на преговори за полноправно членство. Тоа сите треб да не загрижи. До скоро постоеше некое очекување дека до таму ќе дотераме некое условно определување на динамиката, барем да ја навестат дека ќе ја имаме, а наскоро и почеток на преговори за полноправно членство, но тоа го нема.

Од тој аспект Извештајот не ги исполни нашите очекувања.

Гледано во целина јас се согласувам со општите оценки што се овде дека овој Извештај е објективен, точен и прецизно изработен и дека дава една вистинска слика за тоа што се случувало кај нас и кои се главните прашања, главните проблеми и кои задачи стојат пред нас. Така е оценет овде извештајот и јас се согласувам со таа оценка.

Јас мислам дека овој извештај, ако се земе заедно со оваа Предлог одлука на Советот што ни е доставена, мислам дека ни дава едно уверување дека Европската унија има намера да ги развива односите со нашата држава Република Македонија и сепак што поскоро треба да станеме членка на таа интеграција. Не можам да констатирам дека овде постои некој одбоен став од Европската унија и тоа е добра работа со оглед на сите препораки кои ни се даваат како да постапиме.

Овие два дена се преокупиравме да утврдиме кој е виновен и кој повеќе згрешил и кого треба повеќе да караме итн. Мислам дека без оглед на тоа кој прв почнал, ако ја следиме таа логика, нема да напредуваме. Ќе останеме во истата кал во која заглавивме. Знаете како е вистината е сирак, никој не ја сака. Ако му ја фрлиш само на еден ништо не правиш така што ниту е продуктивно Владата за неповолните елементи во извештајот вината да ја фрла на опозицијата, ниту е продуктивно опозицијата изрично целата вина да ја фрла на Владата. Затоа мислам дека таа дискусија би требало да ја оставиме, има време со неа да се бавиме, сега да видиме што е најнепосредно и што сега да направиме.

По мое мислење она што најмногу ги загрижува луѓето и институциите во Европската унија кои собирале податоци и оценки, па дошло до овие оценки, е состојбата со политичките критериуми. Тука тие се затечени. Тие мислеле дека постепено сме напредувале и дека очекувале ние и во овој период да напредуваме. Имам чувство дека тие мислат дека не напредуваме во овој дел од политичките критериуми кои се однесуваат на создавање демократски и функционални институции, нивно функционирање инт., и имам чувство дека мислат дека малку се враќаме назад. За ова чувство наоѓам потврда во извештајот, наоѓам потврда во овие анекси што ги даваат, како ги систематизираат приоритетите итн. Имам едно чувство дека, ако нас нешто не закочи во нашиот од за полноправно членство во Европската унија, тоа се оценките како во секторот на овие политички критериуми. Оттаму се отсликуваат состојбите и евентуални рефлексии на економскиот развој, но особено кај способноста за прифаќање на обврските за членство во Европската унија.

По мое мислење многу е опасно да кажеме дека се тие во заблуда околу политичките критериуми. Во основа тие се дефинирани во 1993 година во Копенхаген и оттаму се извлекуваат. Не се за нас измислени. Тоа не е работа за нас, сите го поминале тоа. Ако мислиме дека ќе ги пишманиме и ќе ги убедиме во нешто друго од тоа што го напишале како политички критериуми на празно губиме време и ќе покажуваме наша неспособност да разбереме што ни напишале.

Од друга страна ако мислиме дека нешто ќе се направи во државата, ако само се обвинуваме

едни дрги, а не одредиме рок, да launceme до 1 јануари најголем дел од неисполнетите политички критериуми да ги исполниме, тоа е можно, по мое мислење. Ако тоа не кажеме и ако така не заклучиме од оваа седница дека така ќе постапиме, ако така не го направиме пак ќе навлеземе во кавги, ако не можеме да се договориме за тие работи како што се Законот за обвинителство, за судскиот совет, општо за тие судски реформи, кохабитацијата помеѓу Претседателот и Владата, продуктивниот дијалог овде итн. Тоа што тие сметаат дека е природна работа да го имаме, а ние го немаме. Тоа никого нема да го излажеме и мислам дека тука нема шанса само еден да е виновен. Можат да се нијансираат вините, но не може да има решение ако има само еден виновен. Треба да се создаде односно да се направат тие чекори, а морам да кажам за да се постапи правилно при исполнување на тие работи и одстрануање на приговорите по основ на политичките критериуми, за тоа треба храброст кај луѓето. Да се каже дека некогаш прават отстапки, дека некогаш напуштаат тврди ставови, дека и другото треба да се прифати од другиот итн.

Тоа сакав општо како  мое гледање да го искажам.

Друго, сакам да кажам уште нешто околу  анексот за приоритетите кој ни е доставен во Одлуката на Советот. Тука се сугерира и очекува дека македонските власти ќе направат прецизен план како ќе се спроведуваат приоритетите кои се напишани во анексот. Тоа треба да го сторат македонските власти, но  македонските власти ако тоа го прават сами, како што често ни се случува, а потоа сакаме да ги исполнуваме политичките критериуми дополнително, таа работа не бива.

Затоа предлагам, бидејќи има елементи на планот на договорот што го даваше СДСМ Владата да ги повика луѓето од СДСМ, да седнат и да направат план кој ќе биде на Владата но ќе биде во соработка, бидејќи тоа е готов документ. Тоа е тактична работа. Нема, да извините, да ни мириса лошо оти го изработиле други. Нека. Камо повеќе да има  што ќе го работат. Треба да се направи заеднички тој документ и да ни се достави што поскоро. При тоа да се оцени колку тој документ е во согласност со приоритетите што се набележани овде и да се оцени што поскоро колку тој документ што ќе се направи е поддржан со буџетската политика на Владата за догодина, Буџетот што ни е даден овде. Да не правиме циркуси кога ќе го разгледуваме Буџетот, туку однапред на време да ги видиме тие работи едни со други и ако можеме да ги внесеме. Ова што го спомнав документот од СДСМ тој е готов и поделен. Ако има уште предлози, а и  ние исто така ќе дадеме предлози само ние сме во Владата и ќе ги даваме директно. Ако има и други предлози нека ги доставаt, но тој план што стои овде дека ќе ги напрват, треба да го направат властите на Македонија, треба заеднички да се направи. Само на тој начин можеме да создадеме клима на меѓусебно разбирање, да престанат овие дневни одмерувања кој е поважен, кој е поумен, кој е повиновен, па што да му правиме на виновниот, па каде да биде, па што да биде итн.

Ете, тие оценки и сугестии ги давам, јас мислев дека е тука господинот Салиу дека и нему ќе му дадете збор, сакам да кажам дека на загрижувачки начин е дадена оценка за состојбата со припадниците на ромската заедница во Република Македонија. Тоа треба да биде грижа на сите нас. Изгледа тука има  успорување и треба да видиме што е тоа со што порано бевме пофалувани. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Андов.

Господинот Есад Рахиќ не е тука.

Реплика има господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам потпретседателе.

Сосема кратко, го почитувам тоа што сте го договориле без ЛДП.

Господине Андов ќе се согласам со еден дел од вашата дискусија, а со вториот дел нема да се согласам.

Се согласувам со првиот дел од дискусијата кога велите дека Извештајот е наполно разочарувачки, бидејќи суштината на сето ова е да се добие датум за преговори. Кога сте кандидат за полноправен член на Европската унија нема позитивен или негативен извештај, тку постои добивање датум или не добивање на датум. Меѓутоа, оние луѓе од владеачката партија, од вашите коалициони партнери кои се директно задолжени за целиот овој процес, тоа се претседателот на Владата Груевски, потоа министерот за надворешни работи кој во ниту еден момент не дојде да присуствува на оваа точка тоа е господинот Милошоски и потпретседателката која, колку што гледате, гледате колку е овде, по две три минути, сите тројца ветија или се заложија со изјави дека ќе добиеме датум во 2007 година. Тоа не се случи и така треба да се оценува, бидејќи политичарите кои ги добиваат изборите се оценуваат врз основа на  исполнување или неисполнување на она што го ветиле.

Сега, за вториот дел за кој не се согласувам, тоа е дека е овој извештај урамнотежен и дека всушност е вистинската слика. Вие знаете што значи европската иницијатива за стабилност, знаете кој таму членува, само накратко во интерес на јавноста ќе ви го цитирам претседателот на европската иницијатива за стабилност. Вели:

Извештајот не го прикажува вистинскто расположение во Брисел. Инаку, расположението во Брисел е во знак на  некои видливи проблеми во последната година. Така погледнато Извештајот е  многу учтив документ зад кој се крие многу поголема скепса одошто може да се претпостави кога извештајот ќе се прочита. Се создава впечаток дека во Македонија во

последната година зад владеачкиот слој членството во НАТО и Европската унија станало помалку важно. Во Брисел станува се појасно чувството дека во македонската внатрешна политика на Европската унија не и се придава такво големо значење како пред две или три години. Тоа е мислењето на Брисел, па продолжува.

Во 2002, 2003 и 2004 година, тоа е кога опозицијата беше на власт, водеше скептична политика Европската унија што се однесува до примање на нови членки и одпочнување преговори со нив. Но, сепак, во минатото македонската политичка класа успешно се справуваше со тоа. Затоа е потребно заинтересираните земји сами да сфатат дека имаат силна желба да влезат во Европската унија. Тоа во последната година ипол може да се каже дека недостасува на Владата на Република Македонија. Завршен цитат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Жерновски.

Една минута контра реплика има господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Јас уште еднаш кажувам зошто зедов збор. Сакам да напрвиме напор како да си ги приближиме погледите и како да собереме повеќе сили да направиме нешто добро за оваа земја. Инаку, можат секакви цитати да се најдат, се согласувам дека некои наши чекори можат да побудат скепса во Брисел и треба да се чуваме од такви потези. Тоа е сигурно. Можат и така да се формулираат ставовите, а не да биде задолжително и денеска за такви работи да имаме кавги. Пак велам дека е многу подобро да направиме чекор како да одиме подобро понатаму.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Андов.

Сега реплика има господоинот Есад Рахиќ, повелете.

(Одејќи на кај говорницата господинот Есад Рахиќ побара наместо реплика од три минути да зборува пет минути, бидејќи не му било дадено збор).

Господине Рахиќ, сега е 13,33 часот, јас предлагам со договор да му дадеме пет минути на господинот Рахиќ, па после да зборува госпоѓа Шекеринска. Нема штета две минути подолго да зборува господинот Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Една од причините. . .

**Бесим Догани:** Ве молам господине Рахиќ само да се договориме, јас најубаво ве прашав, две минути се во прашање, (пратениците од опозицијата бараат да се продолжи времето на седницата) да, ќе продолжиме до завршување.

Госпоѓата Шекеринска и така има време 20 минути (господинот Макрадули прашува зошто е правен списокот). Списокот го правевме, господинот Рахиќ беше предвиден во списокот да зборува. Тоа е од вчера, да. Сега компромисот е 5 минути повеќе. Изгубивме две минути во договор.

**Есад Рахиќ:** Јас мслам дека ни позицијата ни опозицијата нема да имаат проблем. . .

**Бесим Догани:** Господине Рахиќ, бидејќи има несогласување од страна на СДСМ, би ве замолил да зборувате после госпоѓа Шекеринска, и така ќе има време, барам од вас разбирање. После госпоѓа Шекеринска ќе добиете збор.

Во ред, тогаш госпоѓа Шекеринска има 20 минути за збор, повелете.

**Радмила Шекеринска:** 14 секунди пауза беше ова. Претпоставувам дека на пратениците им се виде некако долга. Е, сега земете ги долгите за вас 14 секунди и споредете ги со 14 месеци пауза која ја гледаат граѓаните на Република Македонија. 14 месеци тапкање во место или 14 месеци враќање назад, сеедно.

Затоа не се чудете што Македонија е разочарана и немојте да се чудите што граѓаните на Република Македонија го губат трпението. Немојте да се чудите тоа што не ги слушаат веќе нашите или ваши оправдувања и што секој ден се се позагрижени.

Работниот наслов на овој Извештај е изгубена година. И, таа изгубена година треба да претставува последен сигнал за освестување и за пратениците, ама и за оние кои се први по одговорноста за прашањето на наше европско и НАТО интегрирање.

Јас денес би сакала да кажам неколку коментари за три симптоми кои се повеќе го обземаат македонското општество, да предупредам на една опасност и да кажам барем три препораки, за кои што се надевам дека ќе го имам и вашето трпение и доволно време.

Првиот симптом кој што силно се чувствува во последниве 12 месеци особено, е симптомот или синдромот на надворешен непријател. Зарем не чувствувате колку во Република Македонија се повеќе се оние кои зборуваат дека Македонија нема пријатели околу себе. Зарем не гледате како експоненцијално расте бројот на држави и сојузи кон кои имаме скепса, ги доведуваме во прашање нивните политики, ги доведуваме во прашање нивните намери.

Јас се сеќавам на деновите веднаш по извештајот кога јавноста требаше да се убеди дека црното е всушност бело, ако ништо друго розе во стилот на нашите рекламни кампањи, дека ресорните министри беа горе-долу на линија на очекуваното, имаа коректни изјави. Рекоа, ова е тоа што сме заслужиле и ние ветуваме дека ќе ги направиме бараните реформи. Јас мислам дека тоа е очекувана линија, очекувана позиција од страна на секоја барем малку одговорна власт. Меѓутоа, она што е интересно е што очигледно најмоќниот човек после премиерот во Владата и вториот вице премиер или прв сеедно овие денови со расипан ролингстонски јазик и со наслови околу кои не можеме да му помогнеме се разбира, го кажа следното. Македонија ги има исполнето сите услови за добивање на датум за преговори. Понатаму уште малку објаснува, објаснува и пак вели уште како ги исполни

Македонија сите услови за датум за преговори. Е, ова, господа пратеници, е сериозен проблем во проценките и политиката на една влада. Ова не се изјави кои доаѓаат од опозиција и власт. Ова се изјави кои доаѓаат од иста влада. Јас денес не знам како да го читам ставот на Владата на Република Македонија. Факт е дека ваквото образложение од страна на нересорниот вице премиер, апсолутно паѓа во вода ако се прочита вториот документ кој што го усвои Европската унија заедно со нашиот извештај. Тоа е тн. стратегија за проширување, во која за разлика од онаа од минатата година се вели, нема никакви дополнителни услови, не треба да ги расчистиме внатрешните проблеми во Унијата, па потоа да преминеме на проширување и дефинитивно се гледа дека скепсата која беше многу присутна пред една година, заради некои политички промени во Европа, полека исчезнува. Јас би рекла ова е дефинитивно идеална, најдобра година за проширување од последните две до три. И, во таква најдобра година, Владата или нејзин еден истурен член излегува и вели не е проблем до нас, ние сме одлични, ние имаме резултати, имаме реформи, ама овие од Европската унија не не сакаат. И, така почна синдромот или симптомот на создавање на надворешниот непријател. Јас да ви кажам, ако е во право Ставрески и ако тој го изразува ставот на Владата, јас очекував следниот ден откако даде таква изјава Ставрески да побара од својот најблизок колега, од премиерот веднаш да ги разреши ресорниот вице премиер и министерот за надворешни работи, кои при таква ситуација, исполнети реформи, реални резултати не успеале да ги убедат своите колеги во Брисел дека треба да добиеме датум за преговори.

Вториот симптом е, јас би рекла уште посериозен, тоа е симптомот на внатрешен непријател. За него говореа неколку пратеници и ќе ми дозволите и јас накусо. Кога веќе не профункционира алибито не не сака Европа, тогаш Владата се сврте кон внатре и рече дајдте сега да го најдеме внатрешниот непријател и петтата колона што не симна на вака ниски гранки. Веднаш најлесното алиби беше овој законодавен дом да се фрли пред медиумите и пред јавноста и да се каже овие овде кои не знаат да дискутираат, кои не ги читаат законите, кои се расправаат само за патни трошоци и дневници, тие се виновнивите за се. Но знаете, и овие пратеници такви какви што се и толку квалитетни какви што сме ги слушаа оние изјави на европретставникот Фуере и слушнаа дека најголемите слабости на Македонија се слаба комуникација со опозицијата, и слаба комуникација меѓу коалиционите партнери. Лоша кохабитација и не признавање на претседателот од страна на Владата. Лоши и избрзани закони. Целосни смени и партизација во администрацијата. Не спроведување, а не носење на Законот за полиција. Блокада на судски совет, висока невработеност, ниски инвестиции итн. Е, што со овие проблеми има Собранието, освен лошиот политички дијалог. Ајде да го тргнеме на страна и да кажеме Собранието е целосно виновно, иако целосно не се согласувам. Кој ги пишуваше лошите закони? Пратениците или тие кои не тераа за пет минути да ги изгласаме ако може непрочитани. Кој е виновен за смените во администрацијата. Собранието? Или тие кои на Комисија сечеа вени и тврдеа дека нема ваква критика да има во извештајот и денес молчат. Денес пак се повикуваат на закон, Устав и прописи. Кој е виновен за лошата кохабитација односно непостоечката кохабитација, бидејќи не го признаваат, помеѓу Владата и претседателот. Да не седеа пратениците од опозицијата овде на врата да не ги пуштаат министрите да влезат кога претседателот дискутираше.

Господа пратеници, ова е лоша навика, ама навиката трае предолго, а вие ја толерирате. Ние ја толерираме како пратеници. И, мислам дека само како вишна на шлагот на создавање на овој внатрешен непријател и петта колона беше новата лага или невистина на премиерот тешка 150 закони. Јас верувам дека многу пратеници кои не можат да се снајдат во овие купишта хартии и не се свесни дека премиерот кажа оринарна невистина. Излезе и кажа проблемот е во 150 закони кои Собранието не ги носи.

Господа пратеници, па до кога, до кога ќе продолжиме да прифаќаме вакви квази аргументи. До кога ќе се молчи дека бројот на закони кои сеуште чекаат, а чекаат заради тоа што опозицијата не претседава со Собранието за несреќа, па не може да одлучи на тие закони со европски знак да им даде предност, меѓутоа дефинитивно ова не е проблем кој што Собранието само го создава, туку е проблем кој што се генерира и се создава во Владата. Ако премиерот беше навистина засекиран за овие закони кои наводно му заглавиле во Собранието, а не сака дури ни да помисли на оние закони кои му заглавиле во Владата и кои ги заборава и не ги спомнува, тогаш зошто кога СДСМ даде предлог, еве за три дена претходно да ги изанализираме, да видиме кои се усогласени и за теи дена да ги усвоиме. Знаете колку дена поминаа од тој предлог? Повеќе од две недели. Четири пати можевме по три дена да ги усвоиме сите закони. Но, премиерот кој плаче наводно за законите, всушност стимулира хаос и нефункционално собрание, кое ќе биде секогаш резервно знаменце, резервно алиби. Не е Владата проблем, секогаш е проблем Собранието.

Последниот симптом е најзагрижувачки, тоа е симптомот, откако си ги исцерпел надворешниот и внатрешниот непријател, тогаш сам си стануваш свој најголем непријател. Јас само сакам да спомнам дека минатата година кога дискутиравме за Извештајот за Европската комисија, ја користевме паралелата дали вратите се затворени или отворени. Тогаш кажавме дека вратите се сеуште широко отворени, ама дека вратарите станале малку покритични и дека станале малку построги. Велат дека треба да ги имаш овие и овие услови, овие и овие документи и тогаш ќе влезеш. Сега, оваа година малку е

сменета ситуацијата. Вратата е повторно широко отворена, вратарите се можеби строги, ама немаат дилеми дека треба Македонија да влезе во клубот, немаат дилеми и никој да не создава лажни впечатоци во македонската јавност дека имаат, ама ние сакаме да влеземе наводно во клубот, ама патем да се искараме со вратарите и да ги извреѓаме. Господа пратеници, тинејџери што чекаат пред дискотека знаат дека тој систем не функционира и дека тој систем говори за една посериозна слабост или посериозен проблем во нашата држава. Имено, очигледно е дека се работи за стратегија. Стратегија, во која што ќе им кажеме на сите и ќе ги убедуваме дека никој не не сака, дека тие кои не критикуваат наспроти кажаното на оваа говорница не ни се најголемите непријатели, туку дека ни се мешаат во работата. Затоа, некои наши колеги безобразно ќе им дофрлат нека си бркаат работа, Македонија како да не сака да влезе во Европската унија. Како да влезот на Македонија во Европската унија не е заедничка агенда на македонските власти и на европските претставници. Затоа ни се случува пратеници и први луѓе од владината коалиција и ДПА да плукаат, а Владата да молчи и на секој дипломатски и разумен јазик тоа да се преведе како одобрување на ова плукање. ДПА плука, Владата молчи, одобрува и клима и се радува што имаме резервен уште еден виновник. Знаете како, пред неколку години повеќе од 6 или 7 исто така постоеја политичари кои што не караа со целиот свет. Денеска тие истрчаа први да земат европски пасош и затоа не се тука. Со европски пасош можеш да патуваш секаде. Не мора да бидеш тука пред граѓаните. Од сите овие сигнали внатрешен непријател, надворешен непријател, сам свој непријател, јас само едно можам да заклучам, се е исто дури и Арбен се враќа, само Љубчо го нема. Тоа е, господа пратеници сериозен проблем на оваа држава. Се враќа на голема врата политиката која е осудена на неуспех. Се враќа на голема врата политиката која Македонија ќе ја осуди на неуспех.

Затоа, сакам да говорам за оваа голема опасност која што и се заканува. Вчера прочитав една анализа во која еден наш новинар вели дека Владата има конфликтност на сопствените цели и дека едната нејзина цел ја загрозува другата цел. Јас се согласував со многу од аргументите, не се согласувам со заклучокот и сметам дека Македонија односно македонската Влада има конфликт, меѓутоа тоа е конфликт помеѓу целите на граѓаните и цела држава и целите на Владата на Република Македонија, која што можеби минатата година се прашувавме дали доволно знае и умее за да ги подобри оценките на нашата држава. Дали знае и умее да добие датум за преговори. Дали знае и умее да издејствува и да излобира покачување на статусот на Република Македонија, денес веќе тоа не е тема. Денес главното прашање е дали таа Влада сака членство на Македонија во Европската унија и НАТО. И, ова за мене е поразителен факт дека се враќаме на првата точка, дали реално имаме власт која што е европски и НАТО ориентирана, или имаме власт која што сака жедни преку вода да ги преведе 97% од македонските граѓани кои велат да и на Европската унија и на НАТО и сака, маскирајќи се зад декларациите, да бутка политика која не не носи кон Европската унија и НАТО. Зашто, нашите власти се многу прагматични. Ако е Македонија во Европска унија, не може да и се случува срамот со ТЕЦ “Неготино”. Ако е Македонија во Европска унија не може Владата да ги прогласува за економски промотори оние кои си ги промовирале сопствените сметки. Ако е Македонија во Европска унија не може најскапите понуди на тендерите да бидат најдобри. Не може за најскапите набавки да нема тендери. На крајот на краиштата ако Македонија е во Европска унија, не може една Влада која се фалеше дека е Влада пробизнисот, Влада десничарска, Влада со некои либерални елементи во економијата да излезе пред јавноста и во стилот на Чавезова влада да обвини фирми, замислете работеле за профит. Замислите кој срам, работеле за профит фирмите. Зарем оние фирми кои ги повикуваат со многу скапо платените реклами и на кои им велат, на пример, најниска рамна даночна стапка за профит на кои што им нудат ослободување од данокот, на кои што им нудат ослободување од Царина за што ги викаат? За да прават загуби или да прават профит. Е, таква Влада не виреe во Европската унија и во НАТО. И, тука е конфликтноста на целите помеѓу Република Македонија и нејзините граѓани од една и властите во Република Македонија од друга страна. Затоа, јас се плашам дека Македонија но сигурно влегува во период на параноја. Влегуваме во период на параноја. Власта владее со страв и владее поради страв. Затоа, тој страв ќе го осетите и внатре во Владата заради несигурност, заради незнаење, а она што го тврдам денес и заради скриени намери. Затоа, Владата и властите се плашат од светот, се плашат од соседите, се плашата од опозицијата и медиумите, се плашат според сите сегашни знаци и од луѓето во сопствената партија. Затоа, се во Македонија станува кабинет. Ако претходниот кабинет се претвори во денешна влада, сегашниот кабинет на Груевски се претвара во ВМРО-ДПМНЕ. Не постојат партии, не постојат демократски институции, постои само кругот блиски и само на нив им се верува. Е, па господа пратеници и господа претставници на Владата демократски институции не можат да виреат во општество базирано на страв и не можат да виреат во општество кои им верува само на своите петмина или десетмина.

Дозволете ми на крај, да спомнам кои се моите предлози. Прво, мора да заборавиме неколку работи. Мора да ги заборавиме изјавите на премиерот од типот ќе продолжиме да работиме со истиот ентузијазам, посветеност и одговорност како порано. Заборавете ги, ве молам. Затоа што, таа посветеност ентузијазам и одговорност ние видовме негативен извештај. Ни треба нов ентизијазам, ни треба нова посветеност и ни треба поинаква одговорност. Заборавете го овој

така наречен план на Владата, кој вчера имавме чест да ни биде покажан. Заборавете го, затоа што овој план, можеме да дискутираме за него повеќе, јас го преведувам како мало морген. Во овој план 15 обврски, само 15 обврски планираме да ги завршиме до следната година извештајот, а 163 планираме да ги завршиме до 2011. Господа, мало 2011. Заборавете ја детската игра на претседателот на државата.

Втората препорака е дајте како Собрание да го осудиме говорот на омраза. Еве, нека не кажуваме од каде дојде, мора да го осудиме.

Трето, прифатете ги предлозите од СДСМ или од другите кои значат чекор напред, макар иако со тоа се навредува нечија суета.

На крајот, ќе ми дозволите само уште една тема, тоа е прашањето на одговорност. Додека дискутиравме вчера во Собранието, се потсетив на една епизода од 2005 година. Една наша новинарка ме покани на интервју во септември, сеуште беше рано да се прогнозира извештајот и без пардон онака директно од небо па во ребро, ме праша дали сте подготвени да ја понесете одговорноста ако Македонија не добие статус на кандидат. Вие не убедувавте дека треба да аплицираме. Вие не убедувавте дека Македонија може да го добие кандидатскиот статус. Што ако не, кој ќе ја понесе одговорноста? Да бидам искрена тоа беше директно прашање кое апсолутно не го очекував и можев да дадам илјада и еден политички одговор, со кој со ништо не можев да кажам. Можев да кажам дека ја делам одговорноста, дека не зависи само од мене итн. Меѓутоа, не бев подготвена за прашањето, ама го знаев одговорот. Нема бегање, господа пратеници. Кога нема резултати, некој мора да носи одговорност. Или тие резултати се видливи на јавноста или не постојат. Јас во тој момент не реков дека работиме посветено. Не реков јас работам, а другите ми прават сопки. Не реков дека опозицијата била виновна во случај на негативен одговор. Не реков дека не не сакаат европјаните. Реков ако знам да бидам министер, кој има малку поголема одговорност од другите за тоа прашање, тогаш ќе знам и да ја понесам одговорноста. Тоа, господа пратеници и колеги кај оваа Влада не постои. Ќе се китат со успесите, макар и туѓи, а ќе бегаат од одговорноста макар и своја. Таква влада не носи до ваков извештај. Затоа ни требаат промени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и вас госпоѓо Шекеринска.

За реплика се јави господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, почитуван вицепремиер, драги колеги пратеници.

Немав намера да зборувам затоа што по вчерашната дискусија, повторно ја видов бесмисленоста на македонскиот фронт 1914-1918, не бил Солунски фронт, туку Македонски. И од едната и од другата страна Македонци, без желба за договор и за вистински резултат. Не се 14 секунди, госпоѓо Шекеринска или 14 месеци, туку се 14 години транзициона окупација, Македонија окупирана од македонските политичари од вас, од нас, од мене. Ние треба нешто да промениме, затоа што со војводи, четници и балисти и разни фаталисти тука и со гладниот народ кој што фрла со леб по својата полиција надвор, нема прогрес, нема Европа, нема Африка.

Јас сметам дека она што после тоа ни го рекоа и Николас Барс и госпоѓа Нулан сите останати ќе промениме нешто. Ова е денешен Вест “Не барајте алиби за неуспех” не е ова Дара Бубамара, ова е Џилијан Милованович. Дефинитивно, може да смеете, не ги работиме работите како што треба. Вчера договаравме едно, денес испаѓа друго. И сега ми е јасно дали Пинокио и Менхаузен не биле од тука. Немале шанса покрај вакви лажговци. Сите лажеме едно ветуваме, а кога ќе дојде време не исполнуваме.

Јас сум еден од пратениците кои што е осамен овде, како независен пратеник, сакам да кажам три четири реченици и немам намера да зборам затоа што сметам дека и оваа расправа од ден ипол изгубено време нема да заврши со резолуција или заклучок кој што ќе допринесе да ние бидеме чекор поблиску до НАТО и Европската унија. Се лажеш колега Макрадули, ова не е најлошото, најлошото ќе биде догодина. После ќе бидат ушто полоши, меѓутоа ние немаме време како Македонија како граѓани на оваа држава да чекаме да се појави некој добар резултат. Она што го кажа колегата Манасиевски, го кажа госпоѓа Шекеринска, го кажа госпоѓа Пуновска, го кажа Божиновски, го кажаа сите. Меѓутоа резултатите ги нема. Дајте да ја префрлиме кафанската политика од Клубот на пратеници овде. Дајте Владата да сфати дека тука се носат главните улоги. Четворочлената банда во Кина вака работеше и ние се собираме под патронат на четири пет амбасадора и носиме некои одлуки кои никогаш не се имплементираат. Времето ни тече, имаме шанси, имаме можности, се зависи од нас. Така и ни рекоа. Тоа што сакам да кажам, пред да се обратам на господинот Тито Петковски одејќи од домот на АРМ бев пречекан од група стечајни работници кои ве замолија вас претседателот на Собранието да ги примите и да поразговарате за нивните проблеми. Значи, имаме обврски од мајски договор. Тоа треба да биде нашата агенда. Имаме докомплетирање на Судскиот совет, комплетирање на Уставниот суд и носење на закон за обвинителство кој што година дена не е донесен. Имплементирање на Законот за полиција и мислам дека доколку тоа го говориме на 24 јануари...

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Само да ја довршам мислата. Премиерот ќе може да реферира во Брисел, а потоа во Букурешт да добиеме позитивна оценка. Доколку тоа не го направиме, почитувани дами и господа, време е сите заедно да си одиме од овој Парламент. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господине Алити за реплика.( Да)

Повелете, реплика има господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас верувам, можеби не е така, меѓутоа јас верувам моите впечатоци биле такви и остануваат такви дека Владата, Бучковски и претседателката на СДСМ сега госпоѓа Шекеринска, тогаш беше потпретседател на Владата и го покриваше ресорот евроинтеграции, сфатија едно нешто, тоа е мој впечаток, дека светот и Европската унија не се вртат само околу Македонија, сфатија дека Македонија треба да ги исполни тие стандарди, треба да ги заврши домашните задачи. И моите впечатоци се дека треба да се засукаат ракавите и во оваа насока направиле колку што направиле, меѓутоа извештаите тогаш беа позитивни.

Зошто земав збор конкретно, сакам да и поставам прашање на претходнат говорничка, доколку вашиот мандат дојдеше првиот негативен извештај, вториот извештај така како што дебатираме сега, значи да беше и тој негативен, дали вие ќе чекавте поранешниот премиер да ве разреши од функцијата или сами ќе си поднесете оставка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Алити.

Госпоѓа Радмила Шеќеринска има една минута за контрареплика, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Ја знаете онаа реченица: "не ме слушај што говорам, гледај ме што правам". Таа постојано треба да ја користиме за нашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ и опечени од нивното искуство дека жмигаат лево, вртат десно и обратно, јас и кога давам одговор за себе ќе кажам само дека не треба да ми верувате на моите зборови, треба да верувате на она што ќе го направив или сум можела да го направам, доколку Македонија добиеше негативен извештај. Меѓутоа, сега веќе за мене е небитно прашањето дали некој ќе даде оставка или премиерот ќе го разрешил или ќе имаме промена во Владата. Проблемот е дека главната, главната слаба точка кај сите овие нервозни млади пратеници пред Европа, знаат само прошетка во Брисел, е што генерираната криза со генерира во врвот и проблемот на таа криза е господинот Груевски, а не само неговите министри кои што се задолжени за оваа работа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Габриела Коневска-Трајковска, повелете.

**Габриела Коневска-Трајковска:** Потпретседателе, моето кое што се однесува не е толку колку што е ...

(Реакција од пратеници)

**Бесим Догани:** Ве молам ако може да и дозволите да си го искористи правото за реплика, повелете.

Повелете госпоѓо Коневска.

**Габриела Коневска-Трајковска:** Јас навистина не знам кои се правилата по кои што работи Парламентот бидејќи навистина е непринципиелно да два дена се слушаат забелешките, а да не се даде право на претставник на Владата да прозбори, да даде свое мислење.

(Галама во салата)

Вчера се јавив за збор и се повлеков бидејќи рековте дека имате пратеници. Денеска се јавувам за збор и јас навистина дали не сакате да ги чуете, доколку не сте заинтересирани јас нема да ги изнесам своите мислења. Бидејќи и по однос на реплика...

(Галама во салата)

**Бесим Догани:** Ве молам, дозволете и да зборува.

Господа ве молам, госпоѓа Габриела има право како сите други да земе збор, затоа најискрено, најкултурно ве замолувам да ја сослушате. Ако не можете земете си пауза од сега.

Па реплика, јас ве замолува да и дозволите да ја искористи репликата, не знам сега што сакате од мене. Повелете.

**Габриела Коневска-Трајковска:** Ви благодарам потпретседателе, им благодарам и на пратениците, јас досега не верував во една фускула која што кружи не само во кулуарите во Собранието, туку и во пошироката јавност, дека колку повеќе што зборува опозицијата, толку подобро за владеачката структура. Навистина ова последно изложување што беше изнесено до госпоѓата Шекеринска оди во правец на она кое што прво треба да констатираме дека станува збор на речник во кој што се користат парафразирани позиции кои што не се аргументирани, тоа е првата работа.

Второ, се користи речникот на создавање на неконструктивност, необјективност и едноставно нememe кребилитет во однос на прашањата за кои што се дискутираше. Дрскос е, тврдам дрскост е лична да се биде самоуверен и несамокритичен по одредени прашања кои што не коренсподираат, прво со објективната јавност, а втора работа не ви дава кредибилитет да говорите на одредени прашања. Жалам што во последните години дури ни речникот на Европската унија не сте го имплементирате. Ги користите епитети млади, ги користите епитетите млади пратеници, тоа е принцип на дискриминација. Ве молам користете го речникот кој што е соодветен.

Втора работа, не можеме да зборуваме за прашања кои што одат ...

(Галама во салата)

**Бесим Догани:** Ве молам, сите имаат право да го изразат своето мислење.

(Галама во салата)

Повелете госпоѓо Габриела.

**Габриела Коневска-Трајковска:** Што се однесува до текот на седницата и воопшто на говорењето и оние постулати кои што беа изнесени за надворешен непријател, внатрешен непријател и непријатели сами на себе. Ова се

говори кои кореспондираат со некое друго време и со некои други планови. Ве молам, ниту имаме амбиции да создаваме надворешни непријатели, ниту внатрешни непријатели. Владата на Република Македонија секако дека е конструктивна по ова прашање, два дена по Извештајот направи анализа, направи тематска седница на која што дискутираше за овие прашања, се поделија обврски на сите ресорни министри. Бараме конструктивност и отвореност од страна на Собранието да соработува со Владата и со прашања кои се поврзани од ЕУ-агендата. Начинот на неизразување на соработка ќе не доведе до овде, верувајте од оваа ситуација нема победници, од оваа ситуација ќе добиваме само постојани критики кои што одат на контото на нашите граѓани. Ако сакаме да правиме персонални дикции, верувајте дека можеме да зборуваме денови и денови. А персоналните дикции очигледно е дека се темелат само во нивни личности поврзани дали со премиерот, дали со лидери со некои политички партии. Тоа нема да не доведе до никаде. Затоа целта на Владата и присуството на оваа седница беше во правец ако не забележивте вчера имаше министри кои што работат во делот на политичките критериуми и минстри кои работат во делот на економските. Очекувавме препораки, очекувавме мислења, очекувавме предлози од ваша страна. Дами и господа ние тоа не го добиваме постојано, ве молам, ако сакаме да работиме заедно треба да бидеме конструктивни. Главната критика што доаѓа до Собранието е дека нема кребилитет туку води дневна политика и евтин политикализам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

(Галама во салата)

Ве молам колеги, една минута контра реплика.

Госпоѓо Шекеринска повелете.

**Радмила Шекеринска:** Госпоѓо, одговорен вицепремиер, дрскост е да ни го крстите ова “план”. Во тој план сте кажале дека администрацијата ќе и го развиете капацитетот со рок од 1 декември 2010 година. Да седиме и да ве чекаме до 1 декември 2010.

Дрскост е денеска да доаѓате и да делите лекции во Собранието,а да не се грижите за оние луѓе што надвор седат. 17  милиони евра трошите за реклами. Да давате само по 100 евра на еден од стечајците 14 илјади стечајци годинава ќе имаат леб и егзистенција.

И третата дрскост госпоѓо Коневска, не мислам дека вие сте единствена одговорна, меѓутоа дрскост е овде дека при два катастрофални извештаи вие се уште да седите на столчето вицепремиер за европски интеграции.

(Аплауз во салата)

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Шекеринска.

Колеги, ве молам, ве молам седнете уште малку.

Ве молам господине Бучковски, не поради мене, две работи има. Не е прв пат Собранието да работи пет десет минути подолго.

Втора работа, претседавачот кажува кога завршува седницата или има пауза.

Трета работа, не јас, претседавачот, било кој.

Трета работа, имаме резолуција подготвено од страна на предлагачите. Бидејќи во три часот имаме нова седница предлагам да работиме до 14,30 часот да ја донесеме резолуцијата, ако успееме и ако се согласиме, потоа идната седница, новата седница да започне половина час задоцнување во 15,30 часот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да донесе резолуција за приоритетите за пристапувањето на Република Македонија во Европската унија и отварањето преговори за членство во Европската унија.

Ве молам, да го прочитам текстот или го имате веќе?

Ве молам господине Макрадули и господине Вељановски пристапете да се договориме.

Во ред тогаш дами и господа пратеници резолуцијата ја имате пред себе да не ја читам цела за да не изгубиме време.

Се договоривме заедно со предлагачите на текстот на резолуцијата и со предлагачите на амандманите, резолуцијата да се усвои со се амандманот 1, 2, 4, 5 и 6 доставен од група пратеници.

Оваа резолуција со се амандманите 1, 2, 4, 5 и 6 ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласаа само 55 пратеника, ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата)

Во присуство на 65 пратеника, гласаа 55, сите 55 гласаа за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Резолуцијата за приоритетите за пристапувањето на Република Македонија во Европската унија и отварањето преговори за членство во Европската унија.

(Аплауз)

Ви благодарам.

Процедурално Рафис Алити, повелте.

**Рафис Алити:** Ви благодарам. Јас ќе бидам краток во оваа насока.

Мислам за да се донесе една резолуција треба да расправаат сите парламентарни групи и така беше и договорот и така треба да биде. Доколку на координација на координаторот на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и потпретседателот кој е присутен е постигнат договорот да не се почитува мислењето на парламентарните групи како што е ДУИ и да усвоите еднострана резолуција, ние ќе

излеземе со друга резолуција како парламентарна група. Благодарам.

**Бесим Догани:** Тоа е ваше право.

Јас можам да кажам дека Резолуцијата е доставена од предлагачот на оваа седница, амандманите се исто така прифатени од предлагачот и мислам дека процедурално е се во ред.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 85-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

Продолжуваме со новата седница во 15,30 часот.

Благодарам.

(Седницата заврши во 14,15 часот)